**Народна банка на Република Македонија**
Сектор за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност
Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РИЗИЦИТЕ ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД 2015 ГОДИНА*

октомври 2015 година

**СОДРЖИНА**


**I. РЕЗИМЕ.......................................................................................... 3**

**II. РИЗИЦИ ВО БАНКАРСКОТО РАБОТЕЊЕ ................................................. 5**

**1. Кредитен ризик.....................................................................................6**

1.1 Остварување на кредитниот ризик во билансите на банките............................ 6

1.2 Капацитет на банките за апсорпција на загуби од нефункционалните кредити..13

1.3 Останати можни извори на остварување на кредитниот ризик .........................15

1.4 Стрес-тестирање – симулација на зголемување на кредитниот ризик...............19

**2. Ликвидносен ризик...............................................................................19**

2.1 Динамика и состав на ликвидните средства ...................................................20

2.2 Показатели за ликвидноста..........................................................................26

2.3 Рочна структура на средствата и обврските ...................................................27

2.4 Стрес-тестирање - симулации за ликвидносни шокови ....................................29

**3. Валутен ризик ......................................................................................31**

**4. Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности ..........................................................................................34**

**5. Ризик од несолвентност .......................................................................38**

5.1 Показатели за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем и ниво на ризичност на активностите....................................................................38

5.2 Движења и квалитет на сопствените средства на банкарскиот систем .............39

5.3 Движења и структура на капиталните барања и слободниот капитал на банкарскиот систем ..........................................................................................40

5.4 Стрес-тестирање на отпорноста на банкарскиот систем на хипотетички шокови42

**III. СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ, ПОЗНАЧАЈНИ БИЛАНСНИ ПРОМЕНИ И ПРОФИТАБИЛНОСТ НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ.......................................... 45**

**1. Број на банки и сопственичка структура на банкарскиот систем ...........46**

**2. Активности на банките.........................................................................48**

2.1 Кредити на нефинансиските субјекти............................................................49

2.2 Депозити на нефинансиските субјекти ..........................................................52

2.3 Останати активности ....................................................................................55

**3. Профитабилност ...................................................................................58**

3.1 Приходи, расходи и показатели за профитабилноста и ефикасноста на банкарскиот систем ..........................................................................................58

3.2 Движење на каматните стапки и на каматниот распон .....................................64

**АНЕКСИ........................................................................................... 65**

# I. РЕЗИМЕ

При продолжен солиден економски раст, а во услови на силно изразени внатрешни превирања и присутни ризици и неизвесности поради бавното закрепнување на земјите од ЕУ, во првиот квартал од 2015 година, вкупните активности на банките во Република Македонија минимално се променија. Депозитите на нефинансиските субјекти продолжија да растат, но со забавено темпо, при што кварталната стапка на раст е најниска во последните седум квартали. Растот на депозитите во целост е определен од новото штедење на домаќинствата, иако и тоа е преполовено во споредба со растот остварен во претходниот квартал. Се забележува извесно забавување на денаризацијата на депозитите, што се воочува преку зголемениот квартален и годишен раст на девизните депозити на домаќинствата. Растот на кредитната активност на банките кон нефинансискиот сектор, којшто ја одбележа 2014 година, продолжи и во првите три месеци од 2015 година, но со забавено темпо, а главен двигател на растот беа кредитите на домаќинствата.

Во првиот квартал од 2015 година се одржа квалитетот на кредитното портфолио на банкарскиот систем со учество на нефункционалните во вкупните кредити на вообичаеното ниво помеѓу 11% и 12% од вкупните кредити. Растот на нефункционалните кредити при забавување на кредитната активност на банките, предизвика извесно зголемување на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити на 31.3.2015 година, достигнувајќи 11,6%, кое главно беше поттикнато од кредитите на претпријатијата. По пресечниот датум на овој извештај, растот на вкупните нефункционални кредити забави, што при забрзување на кредитната активност на банките услови извесно намалување на нивното учество во вкупните кредити (на 11,5% во јуни 2015 година). Ризикот за сопствените средства на банките од евентуално остварување на кредитниот ризик од нефункционалните кредити не е висок, поради нивната висока покриеност со издвоената исправка на вредноста, но и поради задоволителниот обем и квалитет на сопствените средства на банките. Кај домаќинствата, стапката на нефункционални кредити продолжи да се намалува, што при раст на нефункционалните кредити од овој сектор, е главно поддржано од забрзаниот кредитен раст. Присуството на сигнали за можни растечки идни ризици од кредитното портофлио на домаќинствата (поради позабрзаниот раст на потрошувачките кредити како и олеснетите услови при нивното одобрување) наметнува потреба банките да ги зајакнат своите системи при одобрувањето на потрошувачките кредити, но и за следење на редовноста во отплата и навремено идентификување на финансиските потешкотии кај овие клиенти.

Во првите три месеци од 2015 година, банките ги зголемија своите вложувања во државни обврзници, што соодветствуваше со поголемиот обем на понуда на овие хартии од вредност. Ова, од своја страна придонесе за одржување на и онака високата ликвидност на банките. Исто така солвентноста на банкарскиот систем, следена преку стапката на адекватност на капиталот, се зголеми, поради реинвестирањето на добивките кај некои банки и следствено, растот на сопствените средства. Резултатите од стрес-тестирањето спроведено на 31.3.2015 година генерално се подобри во споредба со крајот на 2014 година и укажуваат на задоволителна отпорност на банките на симулираните шокови. Зголемениот износ на сопствени средства овозможи натамошно

зголемување на „слободниот" капитал над минималното ниво потребно за покривање на ризиците, кој претставува половина од вкупните сопствени средства.

Останатите ризици имаат мало значење за стабилноста на банкарскиот систем. Изложеноста на ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, и покрај зголемувањето во првиот квартал од 2015 година, сè уште е незначителна. Кратката девизна позиција на двата нефинансиски сектора (домаќинствата и претпријатијата), го издвојува значењето на валутниот ризик за нивната стабилност и следствено, за стабилноста на банките, за што суштински предуслов претставува политиката на стабилен девизен курс на денарот во однос со еврото.

При сè уште присутни ризици од кредитното портфолио на банките и при историски ниски нивоа на каматните стапки на депозитите и стеснет простор за нивно натамошно поголемо кратење, одржувањето на профитабилноста претставува значаен предизвик за банките во наредниот период, во услови кога причината за подобрената профитабилност е намалувањето на каматните расходи.

# II. РИЗИЦИ ВО БАНКАРСКОТО РАБОТЕЊЕ

## 1. Кредитен ризик

**Во првиот квартал од 2015 година кредитното портфолио на банкарскиот систем го одржа својот квалитет на слично ниво како претходните квартали, со учество на нефункционалните во вкупните кредити на нивото помеѓу 11% и 12%. Во овој квартал, растот на нефункционалните кредити, при поизразено забавување на кредитната активност на банките, придонесе за извесно зголемување на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити на 11,6%. Кај претпријатијата ова учество достигна 15,9%, за што придонесе и слабата кредитна поддршка на овој сектор. Сепак, растот на нефункционалните кредити бележи извесно забавување по пресечниот датум на овој извештај, што при истовремено забрзување на кредитната активност на банките услови намалување на учеството на нефункционалните во вкупните кредити на нефинансиските субјекти на 11,5% во јуни 2015 година. Ризикот за сопствените средства од евентуално остварување на кредитниот ризик од нефункционалните кредити не е висок, поради нивната висока покриеност со издвоената исправка на вредноста (83,7% со сопствената и над 100% со вкупната исправка на вредноста). Исто така, високата покриеност на вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти со одредена форма на обезбедување ја намалува стапката на очекувани загуби од кредитната изложеност и последователно го „ублажува“ нивото на кредитен ризик преземен од страна на банките. За поволни поместувања во првиот квартал од 2015 година се сметаат и намалената концентрација на кредитниот ризик, како и растот на реструктурираните редовни кредити поради враќање на дел од реструктурираните нефункционални кредити во редовен статус. Со оглед на сè уште големата застапеност на реструктурираните нефункционални кредити потребно е натамошно зајакнување на капацитетот на банките за навремено, но и соодветно приспособување на кредитните услови на отежнатата финансиска состојба на клиентите, што во краен случај би придонесло за забавување на растот на нефункционалните кредити и севкупно подобрување на квалитетот на кредитните портфолија на банките.**

### 1.1 Остварување на кредитниот ризик во билансите на банките

Промените на категориите кои означуваат остварување на кредитниот ризик (раст на нефункционалните кредити, извршени отписи, преземен имот заради наплата и слично) во споредба со растот на вкупните кредити, покажуваат дека **обемот на остварување на кредитниот ризик во портфолијата на банките (во која било од анализираните форми) е еднаква на една четвртина (24,4%) од растот на бруто-кредитите на банкарскиот систем во првиот квартал од 2015 година.**

Графикон бр. 1

Остварување на кредитниот ризик во портфолијата на банките

во милиони денари во проценти во проценти од вкупните кредити




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Забелешка (лев графикон): *Вкупното остварување на кредитниот ризик (на годишна основа) е пресметано како збир од направените отписи на побарувањата, растот на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања и растот на нефункционалните кредити, редовните реструктурирани кредити и достасаниот дел на нереструктурираните кредити со доцнење од 61 до 90 дена. **Вкупната промена на бруто-кредитите се однесува на годишниот раст на бруто-кредитите вклучувајќи ги отпишаните побарувања за годината и годишниот раст на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања.

**По подобрувањето на квалитетот на кредитното портфолио на банките во последниот квартал од 2014 година, во првиот квартал од 2015 година се забележа извесно забрзување на годишната стапка на раст на нефункционалните кредити**, која изнесуваше 13,6%. Кварталната стапка на промена на нефункционалните кредити, премина од негативна во позитивна зона на движење.

**Растот на нефункционалните кредити (годишен и квартален) во најголем дел произлегува од растот на нефункционалните кредити на претпријатијата, и тоа кај одреден помал број клиенти.** Така, во првиот квартал од 2015 година, растот на нефункционалните кредити е одраз на влошените остварувања на некои клиенти од дејностите „градежништво" и „индустрија".

Графикон бр. 2
Квартална (горе) и годишна (долу) промена на нефункционалните кредити на нефинансиските субјекти и на одделните сектори

во милиони денари во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 3
Учество на нефункционалните кредити во вкупните кредити на нефинансиските субјекти и на одделните сектори

во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**По неколкугодишно континуирано одржување на нефункционалните кредити на домаќинствата на речиси непроменето ниво, на крајот на март 2015 година се забележа извесно нагорно придвижување**, и на годишна и на квартална основа. Притоа, за првпат по вториот квартал од 2013 година нефункционалните кредити на домаќинствата забележаа двоцифрен придонес во кварталниот раст на вкупните нефункционални кредити и највисок придонес во годишниот раст по средината на 2012 година. Гледано по одделни кредитни производи, нагорното движење е најзначајно кај нефункционалните потрошувачки, станбени кредити и кредитите врз основа на издадени кредитни картички, кои се воедно и најкористените типови кредити.

Растот на нефункционалните кредити во услови на забавување на кредитната активност на банките доведе до **извесно зголемување на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити на 11,6%.** Кај претпријатијата ова учество изнесува 15,9%, што покрај од растот на нефункционалните кредити, произлегува и од послабата кредитна поддршка на овој сектор. Стапката на нефункционалните кредити[1] на домаќинствата продолжи да се намалува и се сведе на најниско ниво по 2008 година. Ова движење се должи на засиленото кредитирање на овој сектор, кон кој банките ја насочија речиси целата кредитна поддршка во првиот квартал од 2015 година, иако нефункционалните кредити на домаќинствата забележаа нагорно придвижување. Растот на нефункционалните кредити на домаќинствата не е висок, но сепак отстапува од претходните стапки на раст, кои се движеа околу нулата.

[1] Стапката на нефункционалните кредити претставува учество на нефункционалните кредити во вкупните кредити.

Графикон бр. 4
Учество на нефункционалните во вкупните кредити на претпријатијата, по одделни дејности (горе) и на домаќинства, по одделни кредитни производи (долу)
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Стапката на нефункционалните кредити бележи извесно намалување по датумот на овој извештај, и во јуни 2015 година изнесува 11,5%.

**Според висината на стапката на нефункционалните кредити, највисок е кредитниот ризик утврден кај побарувањата на банките од претпријатијата од дејностите „градежништво" и „индустрија".** Според динамиката на показателот, во првиот квартал од 2015 година се забележа најзначајно зголемување на стапката на нефункционалните кредити кај „градежништвото" за 3,1 процентен поен, по која следат „транспортот и складирањето" и „индустријата". Кај домаќинствата, стапката на нефункционалните кредити бележи мало нагорно поместување кај станбените и кај потрошувачките кредити.

**Нешто помалку од половина, или 40,2% од вкупните нефункционални кредити на крајот на првиот квартал од 2015 година претходно биле пролонгирани или реструктурирани, или биле реструктурирани по преминувањето во нефункционален статус.** Сите реструктурирани нефункционални кредити зафаќаат околу 30% од вкупните нефункционални кредити и бележат континуирано зголемување на нивното учество почнувајќи од крајот на 2013 година. Ова движење покажува дека во одредени случаи банките со задоцнување пристапуваат кон реструктурирање на побарувањата од клиентите, бидејќи тие веќе добиле нефункционален статус. Ова се потврдува и со високото учество на кредитите со нефункционален статус во структурата на вкупните реструктурирани кредити (52,5%). Притоа, растот на реструктурираните нефункционални кредити во поголем дел (60%) произлегува од кредитите коишто имале нефункционален статус при самото реструктурирање, а во помал дел (40%) од претходно

Графикон бр. 5
Структура на нефункционалните кредити според видот на промена на кредитните услови (горе) и придонес на одделните типови кредити во промената на вкупните нефункционални кредити (долу)
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

реструктурираните кредити коишто преминале во нефункционален статус. Ова се потврдува и со помалиот процент на реструктурираните кредити со редовен статус коишто за период од еден квартал преминуваат во кредити со нефункционален статус[2]. Во првиот квартал од 2015 година, нефункционалните реструктурирани кредити условија 41,8% од растот на вкупните нефункционални кредити, или трикратно повеќе од крајот на 2014 година, кога најголем дел од растот на нефункционалните кредити беше условен од останатите кредити кај кои не е извршена промена на договорните услови.

Сигнал за остварување на кредитниот ризик претставува и движењето **на реструктурираните редовни кредити, коишто можеби би добиле статус нефункционален доколку банките не им ги промениле кредитните услови на клиентите коишто се соочуваат со финансиски потешкотии.** Имено, станува збор за побарувања од клиенти коишто се соочуваат со отежната финансиска состојба, поради што овие кредити имаат третман на „поризични" кредити. Сепак, растот на реструктурираните редовни кредити условува само една четвртина од растот на вкупните реструктурирани кредити што упатува на сè уште значителен придонес на реструктурираните нефункционални кредити врз динамиката на вкупните реструктурирани кредити, но претставува и дополнителен сигнал за влошениот квалитет на кредитното портфолио.

Наспроти претходниот квартал, кога редовните реструктурирани кредити се намалија поради „неуспешност" на реструктурирањето, односно поради премин во нефункционален статус, **во првиот квартал од 2015 година се забележува мал раст на реструктурираните редовни**

[2] Во првиот квартал од 2015 година 2,0% од реструктурираните редовни кредити преминале во нефункционален статус, наспроти преминот од 3,4%, регистриран во последниот квартал од 2014 година.

Графикон бр. 6
Квартална промена на реструктурираните редовни кредити, по одделни сектори
во милиони денари во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 7
Квартална промена на нереструктурираните кредити со достасан дел за наплата на главницата помеѓу 61 и 90 дена
во милиони денари во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**кредити**. Нешто помалку од две третини (62,8%) од овој раст произлегува од реструктурираните нефункционални кредити коишто на крајот на кварталот се вратиле во редовен статус. Оваа поволна промена дава одредени сигнали и за подобрување на состојбата на клиентите со финансиски потешкотии, или за успешност на извршените реструктурирања. Растот на реструктурираните редовни кредити во помал дел (37,2%[3]) може да се смета за **показател за подобри остварувања на банките во поглед на навремено воочување на финансиските тешкотии на клиентите и следствено, навремено и правилно реструктурирање на побарувањата** според потребите и можностите на нивните клиенти, што во краен случај треба да доведе до подобрување на отплатата на обврските и до ограничување на растот на нефункционалните кредити. Просечното ниво на ризичност на реструктурираните редовни кредити изнесува 24,0%, што соодветствува на категоријата на ризик „В“, а во структурата на овие кредити преовладуваат претпријатијата.

**Достасаните кредити со период на задоцнување во отплатата на главницата помеѓу 61 и 90 дена претставуваат потенцијален ризик за зголемување на нефункционалните кредити во наредниот месец, и воедно претставуваат форма на можна остварување на кредитниот ризик во портфолијата на банките.** Во првиот квартал од 2015 година овие кредити забележаа намалување[4] (од 678 милиони денари, или 27%), кое соодветствува со

[3] Овој дел од растот на реструктурираните редовни кредити произлегува од новите реструктурирани кредити.
[4] Позначителното квартално намалување на нереструктурираните кредити со достасан дел помеѓу 61 и 90 дена на 31.12.2014 се должи на методолошката промена во утврдувањето на кредитите со доцнење од 61 до 90 дена која настапи со измените во регулативата за Кредитниот ризик од 1.12.2014 година (согласно со Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар, „Службен весник на Република Македонија бр. 14/2014 и 83/2015“). Така, од 31.12.2014 година во анализата се опфатени кредитите коишто доцнат во отплатата само на главницата помеѓу 61 и 90 дена, додека за претходните квартали се опфатени кредитите кај кои има доцнење помеѓу 61 и 90 дена врз основа на која било ставка (главница, камата или друго побарување) на датумот на известување.

остварениот раст на нефункционалните кредити (од 635 милиони денари, или 2,2%) во јануари 2015 година, што може да се протолкува како ненаплата на достасаниот долг кај дел од достасаните кредити помеѓу 61 и 90 дена на крајот на 2014 година, и нивен премин во нефункционален статус веќе наредниот месец. Под претпоставка за сличен настан и за првиот квартал 2015 година, односно дека кај ниту еден од овие кредити нема да се наплати достасаниот долг во наредниот месец (април), 0,8% од вкупните редовни кредити со состојба на 31.3.2015 година би преминале во нефункционални, со што само врз оваа основа нефункционалните кредити би пораснале за 1.838 милиони денари, или за 6,2%. Но, остварениот раст во следниот месец (април 2015 година) е значително помал и изнесува 0,8%, или 223 милиони денари, што може да упати на задоволителна наплата на достасаниот дел од 61 до 90 дена.

Графикон бр. 8
Отписи направени во текот на првиот квартал, низ годините
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во првиот квартал од 2015 година беа отпишани 80 милиони денари, што во просек е четирикратно повеќе од отписите направени во текот на првиот квартал во претходните четири години.** Нивниот износ е многу помал во споредба со отписите во претходниот квартал (четвртиот квартал до 2014 година) со оглед на вообичаената практика на банките претежно да отпишуваат побарувања кон крајот на годината. **Отписите извршени во првиот квартал од 2015 година немаат поголемо влијание врз динамиката на нефункционалните кредити**, така што доколку тие не би биле извршени, кварталната стапка на раст на нефункционалните кредити би била повисока за само 0,3 процентни поени. Отпишаните побарувања речиси во целост се однесуваат на претпријатијата, додека во вкупната наплата на веќе отпишаните побарувања доминираат наплатите од физичките лица. Со оглед на големата застапеност на

кредитите класифицирани во категоријата на ризик „Д" коишто подолго време се целосно резервирани и сè уште се присутни во билансите на банките, при евентуално нивно отпишување во наредниот период ќе дојде до ограничување на растот на нефункционалните кредити. Поголемиот износ на отпишаните кредити и натамошното намалување на преземениот имот врз основа на ненаплатени побарувања, заради продажба на дел од овој имот, упатуваат на продолжување на минатогодишната поизразена ангажираност на банките во разрешувањето на „лошото" кредитно портфолио. Сепак, треба да се има предвид дека поголемиот дел од продадениот имот, претходно преземен врз основа на ненаплатени побарувања, беше продаден преку одобрување кредит на купувачот, што подразбира воспоставување нова кредитна изложеност на банката.

## 1.2 Капацитет на банките за апсорпција на загуби од нефункционалните кредити

Графикон бр. 9
Квартална промена на исправката на вредноста за одделни сектори

во милиони денари / во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Во првиот квартал од годината, исправката на вредноста за вкупното кредитно портфолио се зголеми за 1.277 милиони денари, или 4,0%. Ова претставува најголем раст во последните две години и во целост произлегува од исправката на вредноста за нефункционалните кредити на претпријатијата.

**Покриеноста на нефункционалните кредити со издвоената исправка на вредноста е висока.** Ова упатува на задоволителен капацитет на банкарскиот систем за апсорбирање на потенцијалните кредитни загуби, и воедно го „ублажува" кредитниот ризик. На крајот на првиот квартал од 2015 година, покриеноста со вкупната утврдена исправка на вредноста се зголеми на 105,6%, а со исправката на вредноста за нефункционалните кредити на 83,7%. Покриеноста на нефункционалните кредити

Графикон бр. 10
Покриеност на нефункционалните кредити и учество на нето нефункционалните кредити во сопствените средства на банките
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 11
Учество на нето нефункционалните кредити во сопствените средства, по одделна банка
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

со сопствената исправка на вредноста бележи нагорно поместување во последните четири квартали и е на историски највисоко ниво[5] што може да упатува на согледувањата на банките за зголемена ризичност на нивните побарувања. Во структурата на нефункционалните кредити на нефинансиските субјекти, целосно резервираните нефункционални кредити учествуваат со 60,6%, додека исправката на вредноста утврдена за нив зафаќа 72,5% од исправката на вредноста за нефункционалните кредити. Доколку банките ги отпишат кредитите коишто се целосно резервирани, покриеноста на нефункционалните кредити со исправката на вредноста утврдена за нив би се свела на 58,6%. При оваа претпоставка, учеството на нефункционалните во вкупните кредити би било повеќе од двојно пониско, односно би изнесувало 4,9%.

**Со оглед на високата покриеност на нефункционалните кредити, негативните ефекти од евентуалната целосна ненаплата на овие кредити врз сопствените средства на банкарскиот систем се ограничени.** При екстремна претпоставка за целосна ненаплатливост на нефункционалните кредити и искористување на исправката на вредноста којашто е издвоена само за овие кредити, стапката на адекватност на капиталот на крајот на првиот квартал од 2015 година би се намалила за 1,7 процентни поени (речиси идентично како на крајот на 2014 година, 1,8 процентни поени).

Во првиот квартал од 2015 година, учеството на нерезервираниот дел од нефункционалните кредити во сопствените средства бележи надолно поместување кај повеќето банки и постепено конвергира кон медијаната. Притоа, бројот на банки кај кои ова учество го надминува нивото на банкарскиот систем е намалено на само

[5] Овој показател се пресметува од 2009 година, од кога има расположлив податок за исправка на вредноста само за нефункционалните кредити.

Графикон бр. 12
Квартална промена на редовните кредити на претпријатијата, по дејности (горе) и на домаќинствата, по кредитни производи (долу)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

четири банки (во споредба со пет банки во претходниот квартал и седум банки во истиот квартал претходната година). Сепак, кај банките со значително нагорно отстапување од медијаната постои повисок ризик за нивните сопствени средства од евентуално остварување на кредитниот ризик од нефункционалните кредити.

## 1.3 Останати можни извори на остварување на кредитниот ризик

Во услови на натамошно солидно закрепнување на домашната економија, забавениот раст на кредитната активност кон нефинансиските субјекти во првиот квартал од 2015 делумно се објаснува со високите остварувања на крајот на 2014 година[6], но и од сезонски фактори. **При забавен раст на вкупните кредити и раст на нефункционалните кредити, редовните кредити на претпријатијата на крајот на првиот квартал од 2015 година забележаа надолно поместување.** Гледано по одделни дејности, намалувањето на редовните кредити е присутно кај „градежништвото", „трговијата на големо и мало" и „транспортот и складирањето". **Најголемото намалување е забележано кај „градежништвото",** коешто освен со растот на нефункционалните кредити на оваа дејност се поврзува и со намалувањето на градежната активност во доменот на хидроградбата и изградбата на станбени објекти. Наспроти ова, **раст на редовните кредити е забележан во индустријата,** што соодветствува со кварталниот раст на додадената вредност на оваа дејност и растот на индустриската активност. Во прилог на подобрените остварувања во индустријата се и резултатите од Анкетата за деловните тенденции во преработувачката индустрија[7], кои укажуваат на пораст на просечната искористеност на капацитетите и поповолни очекувања за идниот обем на производството. Со оглед на наведените

[6] Во последниот квартал од 2014 година беше забележан највисокиот кредитен раст од отпочнувањето на кризата.
[7] Извор: Државен завод за статистика.

солидни остварувања и позитивни перспективи на индустријата, се смета дека евентуалните ризици коишто произлегуваат од растот на редовните кредити на оваа дејност се мали.

**Редовните кредити на домаќинствата** бележат мало квартално забавување. Растот на вкупната кредитна активност во првиот квартал од 2015 година речиси во целост (93,1%) произлегува од кредитирањето на овој сектор. Притоа, **станбените кредити и потрошувачките кредити имаат идентичен придонес во растот**, по подолгиот доминантен придонес на потрошувачките кредити. Ваквите движења се поткрепени со резултатите од Анкетата за кредитната активност[8], коишто укажуваат на натамошно нето-олеснување на кредитните услови, но со послаба динамика во однос на претходниот квартал и зголемена побарувачка на потрошувачки и станбени кредити. Со оглед на солидната историска стапка на наплата, не се очекуваат поголеми ризици во однос на наплатата на овие кредити.

Графикон бр. 13
Динамика на кредитите наменети за потрошувачка и показатели за нивната ризичност

во милиони денари во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Ризичноста на кредитите наменети за потрошувачка**[9] (следена преку стапката на нефункционалните кредити) бележи намалување во првиот квартал од 2015 година. Но, сепак овој тип кредити треба повнимателно да се следи (како од аспект на динамиката така и од аспект на кредитните практики на банките) поради нивниот постојан пораст во изминатиот период, во услови на исклучително поволни кредитни услови за новите кредитокорисници на овие типови кредитни производи. Така на пример, растот на потрошувачките кредити, кој во изминатиот период се случуваше да изнесува и дваесетина проценти на годишна основа, на некој начин ја затскрива можната зголемена ризичност на овие кредити.

[8] Извор: Анкета за кредитната активност на банките, април 2015 година.
[9] Кредитите наменети за потрошувачка се однесуваат на потрошувачките кредити, кредитните картички и негативните салда на тековни сметки.

Графикон бр. 14
Годишни стапки на ненаплата на кредитните партии и просечно ниво на ризичност на редовните кредити, по одделни сектори
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: Просечното ниво на ризичност се утврдува како сооднос помеѓу издвоената исправка на вредноста и соодветните кредити.

Графикон бр. 15
Учество на необезбедената кредитна изложеност во вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти и кон одделните сектори
во проценти




Извор: Кредитен регистар на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Дополнителен сигнал за ризичноста на овие кредити е и повисоката стапка на нефункционалните кредити наменети за потрошувачка од вкупната стапка на нефункционалните кредити на домаќинствата. Потребата за следење на овие кредити се согледува и од нивната ниска покриеност со одредена форма на обезбедување. Така, необезбедените кредити наменети за потрошувачка зафаќаат околу две третини од вкупните кредити наменети за потрошувачка и 46,3% од вкупните кредити на домаќинствата.

Банките во Република Македонија се должни да издвојуваат исправка на вредност и за редовното кредитно портфолио. **Покриеноста на редовните кредити со исправката на вредноста утврдена за нив, односно нивото на очекувани загуби од овие кредити вообичаено е релативно ниско, но ја надминува реализираната годишна стапка на ненаплата на кредитите[10].** Ова упатува на заклучокот дека банките очекуваат поголеми загуби и се повнимателни, така што издвоиле поголема исправка на вредноста од историската стапка на ненаплата на кредитните партии со редовен статус. Притоа, просечното ниво на ризичност на редовните кредити одобрени на нефинансиските субјекти и на поодделните сектори бележи надолен тренд во последната година, кој е проследен со континуирано надолно движење и на реализираната годишна стапка на ненаплата.

**Високата покриеност на вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти со одредена форма на обезбедување (85,5% од изложеноста) го ублажува нивото на кредитен ризик преземен од страна на банките.** На крајот на првиот квартал од 2015 година, учеството на необезбедената во вкупната кредитна изложеност кон

[10] Годишната стапка на ненаплата се пресметува како процент од кредитните партии со редовен статус коишто за период од една година добиваат нефункционален статус.

нефинансиските субјекти, и за поодделните сектори продолжи скромно да се зголемува, по долготрајното намалување на необезбедената кредитна изложеност во услови на заострени барања за обезбедување од страна на банките.

Графикон бр. 16
Учество на 10-те најголеми изложености кон нефинансиските субјекти во сопствените средства на банките (горе) и во вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти (долу)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Концентрацијата на кредитниот ризик, следена преку учеството на 10-те најголеми изложености кон нефинансиските субјекти во сопствените средства на банките се намали на крајот на првиот квартал од 2015 година,** по континуирано нагорно движење во претходната година. По одделни банки, учеството на 10-те најголеми изложености кон нефинансиските субјекти се движи во интервал од 8,1% до 192,2%, со медијана 98,6% и трет квартил 168,6%. Просечното ниво на ризичност на 10-те најголеми изложености на банките најчесто е ниско и соодветствува на категориите на ризик „А" и „Б", но кај некои банки во структурата на најголемите изложености се забележуваат и изложености со повисока ризичност. Со оглед на тоа дека најголемите изложености зафаќаат значителен дел од сопствените средства на повеќето банки, особено значајно е одржувањето на нивното ниско ниво на ризичност, бидејќи при евентуален настан на остварување на ризикот од овие изложености и неможност за нивна наплата, ефектот врз сопствените средства на банките би бил голем.

На ниво на банкарскиот систем, концентрацијата на 10-те најголеми изложености е мала, со оглед на тоа што нивното учество во вкупната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти се намали и изнесува 16,6%. Сепак, по одделни банки, ова учество се движи во интервал од 7,0% до 34,0%[11].

[11] Од анализата е исклучена МБПР АД Скопје поради нејзините специфични активности.

Графикон бр. 17
Стапка на адекватност на капиталот по одделни дејности, пред и по првата (горе) и втората (долу) симулација за двата сектора заедно
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: Кратенката CAR означува стапка на адекватност на капиталот.

### 1.4 Стрес-тестирање – симулација на зголемување на кредитниот ризик

За да се испита чувствителноста на банкарскиот систем при влошување на квалитетот на одделни сегменти од кредитното портфолио се спроведуваат симулации на хипотетичко преминување на 10% (прва симулација) и 30% (втора симулација) од кредитната изложеност кон претпријатијата (по дејности) и домаќинствата (по кредитни производи), поодделно, и кон двата сектора заедно, кон двете следни категории со повисока ризичност. **Резултатите од симулациите покажуваат отпорност на банкарскиот систем на симулираните шокови, и бележат подобрување во споредба со крајот на 2014 година.** Ова се должи на повисоката адекватност на капиталот на банкарскиот систем пред симулациите, но и на помалку изразената чувствителност на некои банки на претпоставените шокови. Притоа, адекватноста на капиталот на банкарскиот систем не се намалува под 8% при ниту една од симулациите, иако кај поединечни банки се воочува хипотетичка потреба за докапитализација при симулираните шокови. Најголемо намалување на стапката на адекватност на капиталот при спроведување на двете симулации се забележува при влошување на кредитоспособноста на клиентите од дејностите „индустрија" и „трговија на големо и мало" (анекс бр. 27).

## 2. Ликвидносен ризик

**Во првиот квартал од 2015 година банките во Република Македонија одржуваа задоволително ниво на ликвидни средства што им овозможи соодветно управување со ликвидносниот ризик. Учеството на ликвидните средства во вкупните средства како и показателите за покриеноста на различните категории на обврски со нив, останаа стабилни. Во првиот квартал од 2015 година, продолжи намалувањето на приносот што го носат ликвидните инструменти во денари, а не се забележаа поголеми промени во релативното значење на разликите меѓу средствата и обврските според нивната преостаната договорна рочност. Симулациите за комбинирани ликвидносни шокови потврдуваат дека обемот на ликвидни средства со кои**

**располага македонскиот банкарски систем, овозможуваат задоволителен степен на отпорност на хипотетички ликвидносни шокови.**

Графикон бр. 18
Движење и годишна стапка на промена на ликвидните средства
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 19
Апсолутна и релативна квартална (горе) и годишна (долу) промена на одделните инструменти што ги сочинуваат ликвидните средства
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 2.1 Динамика и состав на ликвидните средства

**Ликвидните средства[12] на ниво на банкарскиот систем во првиот квартал од 2015 година изнесуваат 128.289 милиони денари и споредено со крајот на 2014 година бележат мало намалување за 0,2%, односно за 209 милиони денари.** Сепак, набљудувано на годишна основа продолжи нивниот раст, иако со нешто побавна динамика споредено со 2014 година. Така, на крајот од првиот квартал на 2015 година, ликвидните средства на банките годишно пораснаа за 6,3%, односно за 7.640 милиони денари.

Анализирано по одделни финансиски инструменти што ги сочинуваат ликвидните средства, паричните средства и пласманите во НБРМ, како и краткорочните депозити во странски банки забележаа намалување на квартална основа. Наспроти ова, по трите последователни квартални намалувања, во првиот квартал на 2015 година вложувањата на банките во државни хартии од вредност забележаа раст. Сепак, овие квартални промени не беа толкави за да предизвикаат менување на започнатиот годишен тренд кај одделните инструменти што ги сочинуваат ликвидните средства. Имено, вложувањата на банките во државни хартии од вредност бележат намалување на годишна основа, додека вложувањата во финансиските инструменти кај Народната банка и во краткорочни депозити во странски банки бележат годишен раст.

[12] Ликвидните средства ги опфаќаат: 1) паричните средства и побарувањата од Народната банка, каде што се вклучени ефективните парични средства, паричните средства на сметките на банките во Народната банка, расположливите депозити кај Народната банка и благајничките записи; 2) краткорочните депозити кај странски банки, вклучително и средствата на банките на нивните кореспондентните сметки во странство и 3) сметководствената вредност на пласманите во хартии од вредност издадени од Република Македонија. За потребите на анализата на ликвидносниот ризик, средствата и обврските во денари со девизна клаузула се сметаат како денарски.

Графикон бр. 20

Структура на паричните средства и побарувањата на банките од Народната банка

во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**И покрај кварталното намалување (за 2,3%), паричните средства и побарувањата на банките од Народната банка сè уште се најзастапените финансиски инструменти во рамките на ликвидните средства на банките, со учество од 48%**. Во нивни рамки, најголемо учество имаат благајничките записи, следени од вкупните средства на сметките на банките во Народната банка[13].

Графикон бр. 21

Квартална (горе) и годишна (долу) апсолутна промена на паричните средства и побарувањата на банките од Народната банка

во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Во услови на ограничување на понудата на благајнички записи, во првиот квартал од 2015 година, **банките ги зголемија своите пласмани во расположливите депозити[14] кај НБРМ**. Оттука, продолжи трендот на забрзан раст на средствата што банките ги пласираат во расположливи депозити кај Народната банка и воедно, средствата пласирани во овој инструмент имаа најголем придонес во вкупниот квартален и годишен раст на вкупните парични средства и побарувања од Народната банка.

Во рамки на расположливите депозити во Народната банка, значително повисок износ банките пласираа како депозити до седум дена, наспроти расположливите депозити преку ноќ. Во март 2015 година, Народната банка ги преполови каматните стапки за расположливите депозити, така што изнесуваа 0,25% за

[13] Согласно со Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/12, 98/13, 166/13, 143/14, 30/15 и 35/15), просечната дневна состојба на средствата на сметката на банката кај Народната банка се користи за исполнување на задолжителната резерва на банките по основ на нивните обврски во денари и обврски во денари со валутна клаузула, како и на 30% од пресметаната задолжителна резерва на банките по основ на нивните обврски во странска валута. На дневна основа, банките можат целосно да ги користат нивните средства на сметката кај Народната банка.

[14] Согласно со Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/12, 18/13, 50/13 и 166/13), банките можат да пласираат депозити во Народната банка секој работен ден со рок на достасување од еден работен ден и еднаш неделно со рок на достасување од седум дена. Овие депозити се пласираат без можност за делумно или целосно предвремено повлекување.

Графикон бр. 22
Износ и каматна стапка на расположливите депозити кај Народната банка
во милиони денари




Извор: Народната банка.

Графикон бр. 23
Износ на понуда и побарувачка при аукциите на благајнички записи на Народната банка
во милиони денари




Извор: Народната банка.

депозитите преку ноќ и 0,5% за депозитите со рочност до седум дена. Намалувањето на каматните стапки на расположливите депозити, во комбинација со промените во начинот на спроведување на аукциите на благајнички записи, како и зголемената активност на државата на примарниот пазар на државните записи во насока на зголемување на ново издадениот износ, предизвикаа одредено намалување на пласманите на банките во овој инструмент на монетарната политика, што се очекува да продолжи и во понатамошниот тек од 2015 година.

Во првиот квартал од 2015 година, аукциите на благајничките записи се спроведуваа преку тендер со износи и каматна стапка во висина од 3,25%. Понудениот износ на благајничките записи и понатаму беше однапред ограничен, така што нивниот износ не се промени во првиот квартал од 2015 година. Атрактивниот принос што го носат благајничките записи влијаеше кон зголемување на побарувачката на банките во текот на минатата година, што продолжи и во првиот квартал на 2015 година. **Како резултат на тоа, во март 2015 година, Народната банка го промени начинот на распределба на понудите меѓу банките при аукциите на благајничките записи[15], при што се постави механизам со кој ефективно се ограничува побарувачката на банките за благајнички записи.**

Во првиот квартал од 2015 година, на примарниот пазар на државни хартии од вредност дојде до зголемување на нето издадениот износ[16] споредено со

[15] Согласно со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за благајничките записи („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2015), Народната банка може да го утврди начинот на формирање на понудите од банките според процентуалното учество на задолжителната резерва во денари на банката во вкупната задолжителна резерва во денари на банкарскиот систем за периодот на исполнување којшто започнува на денот на аукцијата. Во овој случај, износот на побарувачката за благајнички записи на одделната банка е најблиску до износот пресметан со примена на нејзиното процентуално учество, во вкупната понуда на благајнички записи за конкретната аукција.
[16] Нето издадениот износ на државни хартии од вредност на примарниот пазар се добива како разлика меѓу износот на новоиздадените државни хартии од вредност во определен период и износот на достасаните државни хартии од вредност во соодветниот период.

Графикон бр. 24
Квартална динамика на нето – издадениот износ (горе) и на понудата и побарувачката (долу) на државните хартии од вредност
во милиони денари




Извор: Народната банка.

Графикон бр. 25
Структура на континуираните државните хартии од вредност во сопственост на банките
во проценти и во милиони денари




Извор: Народната банка,
Забелешка: Пресметките се направени според номиналната вредност на државните хартии од вредност во сопственост на банките.

претходниот квартал, главно поради поголемото издавање државни записи. Воедно продолжи постепеното зголемување на рочноста на издадените државни обврзници[17]. Оттука, **дојде до зголемување на вложувањата на банките во овие инструменти, со што во првиот квартал на 2015 година, државните хартии од вредност беа единствената компонента од ликвидните средства што оствариja раст (за 8,2%).** Нивното учество во вкупните ликвидни средства на банките, на квартална основа се зголеми од 24,5% на 26,6%. Во структурата на портфолиото на континуирани државни хартии од вредност на банките, на крајот од првиот квартал на 2015 година, државните записи учествуваат со околу 56%. Во структурата на континуираните државни обврзници што се во сопственост на банките, над половина се двегодишни државни обврзници, следени од тригодишните обврзници со учество од нешто над една четвртина, што покажува дека банките сè уште имаат посилни преференции за вложување во државни хартии од вредност со помала договорна рочност. Учеството на банките во вкупните издадени државни хартии од вредност и во првиот квартал од 2015 година се задржа под 50%.

[17] Во првиот квартал на 2015 година за првпат беа издадени државни обврзници со договорна рочност од 15 години, кои учествуваа со околу една третина во вкупните државни обврзници издадени во првиот квартал на 2015 година. На 31.3.2015 година учеството на петнаесетгодишните обврзници во вкупниот недостасан износ на континуирани државни обврзници изнесуваше 2,9%.

Графикон бр. 26
Износ на краткорочните депозити кај странски банки (горе) и промена на ликвидни средства по валута (долу)
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 27
Динамика на СКИБОР (горе), ЕУРИБОР (средина) и на нивната крива на принос (долу)
во проценти




Извор: Народната банка за СКИБОР и интернет страницата на European Money Markets Institute за ЕУРИБОР.

**Краткорочните средства пласирани во странски банки забележаа квартално намалување** за 1.322 милиона денари (за 3,9%), со што и нивното учество во вкупните ликвидни средства се намали за 1,0 процентен поен на квартална основа. Од друга страна, на годишна основа овие средства се зголемија за 4.450 милиони денари (за 16,2%). Иако во структурата на овие средства доминираат средствата на кореспондентните сметки во странски банки, сепак, и во првиот квартал на 2015 година продолжи трендот на зголемување на нивната рочност преку раст на учеството на средствата орочени меѓу три месеци и една година, што може да се објасни со намерата на банките да го максимизираат приносот што го носат овие средства, во услови кога на меѓународните меѓубанкарски пазари се забележуваат дури и негативни каматни стапки за средствата пласирани на краток рок. Квартелниот пад на овие средства влијаеше на тоа **ликвидните средства во девизи да манифестираат квартално намалување за 3,5%,** со што нивното учество во вкупните ликвидни средства на банките на крајот од првиот квартал на 2015 година изнесува 27,7% (28,7% на крајот од 2014 година).

Намалувањето на каматните стапки на расположливите депозити во Народната банка создаде предуслови трендот на намалувањето на каматните стапки на домашниот меѓубанкарски пазар да продолжи и во првиот квартал на 2015 година. Од друга страна, идентичен процес се забележува и на меѓубанкарските пазари во евро-зоната, каде што под влијание на стимулативните мерки на ЕЦБ дојде до понатамошно навлегување на меѓубанкарските стапки во негативна зона, особено за малите рочности. Така, **и понатаму се забележува стеснување на распонот меѓу денарските каматните стапки на домашниот меѓубанкарски пазар и основните меѓубанкарски**

Графикон бр. 28
Износ на новите извори на финансирање на банкарскиот систем и нивна употреба на квартални (горе) и на годишна основа (долу)
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**стапки за евра во евро-зоната.** Кривите на принос, како за СКИБОР-от, така и за ЕУРИБОР-от, бележеа надолни придвижувања за сите рочни блокови, со тоа што нешто поизразен е наклонот на кривата на принос за СКИБОР-от, што укажува на повисок распон (премија) вграден во домашните меѓубанкарски каматни стапки.

Во првиот квартал на 2015 година се забележува намалување на вкупниот обем на новите извори[18] на финансирање што ги обезбедуваат банките. Имено, депозитите на нефинансиските субјекти, како главен носител на изворите на финансирање, манифестира скромен квартален раст, со што и вкупните нови извори за банките беа поразновидни споредено со минатите неколку квартали. Но, анализирано на годишна основа, сè уште растот на депозитите го има главното место во формирањето на новите извори на финансирање на македонските банки. Од друга страна, употребата на изворите на финансирање од страна на банките во првиот квартал од 2015 година главно беше насочена кон кредитната поддршка за домашните нефинансиски субјекти, а во помал степен и за раздолжување, што соодветствува со кварталниот пад на другите извори на средства. Поради кварталното намалување на ликвидните средства, тие влијаеја во насока на формирање нови извори на средства во првиот квартал на 2015 година, но на годишна основа околу една четвртина од новите извори на финансирање банките ги употребија за

[18] Новите извори на финансирање на банките и нивната употреба од страна на банките се добиени преку индиректна пресметка, односно преку промената на салдата на одделните сметки од билансот на банките. Ефектот врз паричните текови на банките, којшто се должи на расходите и приходите коишто не претставуваат паричен одлив или прилив (на пример: отписи на кредити, ревалоризација на хартии од вредност коишто се расположливи за продажба или се чуваат за тргување, амортизација на основните средства, нето курсни разлики, итн.) е составен дел на промената на соодветните билансни ставки на кои се однесува соодветниот прилив или одлив. Со категоријата „други средства" се опфатени средствата коишто не се кредити на нефинансиски субјекти и коишто не се вклучени во категоријата „ликвидни средства" (пласманите во хартии од вредност кои не се дел од ликвидните средства, долгорочните пласмани во странски и домашни банки, задолжителната резерва во девизи, преземените средства за ненаплатени побарувања, основните средства итн.). Со категоријата „други извори на финансирање" се опфатени сите извори на финансирање коишто не се вклучени во депозитите на нефинансиски субјекти, капиталот и резервите, субординираните и хибридните капитални инструменти (депозитите на финансиски институции, позајмиците, други обврски, тековниот профит итн.), како и ефектот од промената на исправката на вредност на средствата.

вложувања во инструменти што се дел од нивните ликвидни средства.

## 2.2 Показатели за ликвидноста

**Банкарскиот систем на Република Македонија располага со задоволителен обем на ликвидни средства. И покрај нивното намалувањето во текот на првиот квартал од 2015 година, показателите за ликвидноста на банкарскиот систем[19] останаа стабилни.** Учеството на ликвидните средства во вкупните средства на банките се задржа на ниво од околу една третина. Покриеноста на краткорочните обврски и на депозитите на домаќинствата со ликвидни средства е околу 60%, додека покриеноста на обврските со договорна преостаната рочност до 30 дена е над 90%. Соодносот меѓу кредитите и депозитите на ниво на банкарскиот систем на 31.3.2015 година изнесува 88,7%, што е речиси идентично како и на крајот од 2014 година.

Стапките за ликвидност на банкарскиот систем[20] претставени како соднос меѓу средствата и обврските коишто достасуваат во следните 30 дена и 180 дена, на крајот од првиот квартал на 2015 година изнесуваат 2,37 и 1,60 соодветно, што е над пропишаното минимално ниво од 1.

Графикон бр. 29 Показатели за ликвидноста на банкарскиот систем

во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 30

Стапки на ликвидност за банкарскиот систем

во поени




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

[19] При пресметка на показателите за ликвидноста на ниво на банкарскиот систем не се земени предвид резидентните меѓубанкарски средства и обврски.

[20] Начинот на пресметка на стапките на ликвидност до 30 и до 180 дена е определен со Одлуката за управување со ликвидносниот ризик на банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 126/11, бр. 19/12 и бр.151/13).

Графикон бр. 31
Учество на ликвидните во вкупните средства (горе) покриеност на краткорочните обврски со ликвидни средства (средина) и кредити/депозити (долу), по одделена банка
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 32
Показатели за ликвидноста на банкарскиот систем според валутата - денари (горе) и девизи (долу)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Показателите за ликвидност во првиот квартал на 2015 година, се на вообичаените нивоа анализирано и по поединечни банки.** Така, на 31.3.2015 година, учеството на ликвидните средства во вкупните средства по одделни банки се движи во интервал од 16,2% до 46,3%, додека покриеноста на краткорочните обврски со ликвидни средства во интервал од 39,0% до 125,3%. Искористеноста на депозитите на банките за кредитирање на приватниот сектор по одделни банки се движи во интервал од 70,1% до 128,9%, при што кај четири банки овој сооднос е над 100%.

**Показателите за ликвидноста во денари и во првиот квартал на 2015 година, останаа на далеку повисоко ниво споредено со показателите за девизната ликвидност.** Притоа, зголемувањето на вложувањата во државни хартии од вредност придонесе за кварталниот раст на показателите за денарската ликвидност. Од друга страна, како последица на кварталното намалување на девизните ликвидни средства, дојде до благо намалување на показателите за девизната ликвидност во првиот квартал на 2015 година.

## 2.3 Рочна структура на средствата и обврските

**Намалувањето на ликвидните средства на банките и забавувањето на растот на депозитите на**

Графикон бр. 33
Структура на средствата и обврските на банките според нивната договорна преостаната рочност
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 34
Релативно значење на збирната разлика меѓу средствата и обврските на банките според договорната преостаната рочност
процент од кумулативните средства со истата договорна преостаната рочност




Извор: пресметки на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**нефинансиските субјекти предизвикаа одредени минимални поместувања во структурата на средствата според нивната преостаната рочност.** Имено, на квартална основа дојде до зголемување на учеството на средствата со преостаната рочност поголема од една година, за сметка на намалувањето на учеството на средствата со помала преостаната рочност од три месеци. Во структурата на обврските на банките според договорната преостаната рочност, одредено зголемување се забележува во рочниот сегмент од три месеци до една година првенствено поради орочените депозитите.

Скромните промени во структурата на средствата и обврските на банките според нивната договорна преостаната рочност не предизвикаа поголеми промени во релативното значење на збирната негативна разлика меѓу средствата и обврските. Така, соодносот на јазот меѓу средствата и обврските со преостаната рочност до 30 дена со средствата со преостаната рочност до 30 дена, е на речиси истото ниво како и на крајот од 2014 година. Скромно продлабочување се забележува кај јазот меѓу средствата и обврските со преостаната рочност до 90 дена, првенствено поради утврдената динамика на достасување на депозитите што предизвика раст на обврските во овој рочен сегмент.

**Неусогласеноста меѓу средствата и обврските според нивните валутни карактеристики сè уште е поизразена кај девизната компонента споредено со денарската.** Во првиот квартал на 2015 година, намалувањето на ликвидните средства не предизвика поголеми поместувања на оваа разлика во одделните рочни сегменти.

**Банките и понатаму имаат позитивни очекувања за стабилност на нивните депозити.** Така, на крајот од првиот квартал на 2015 година, банките

Графикон бр. 35
Валутна структура на разликата меѓу средствата и обврските според нивната договорна преостаната рочност по одделни рочни блокови
во милиони денари




Извор: пресметки на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 36
Намалување на ликвидните средства при симулацијата за комбинирани ликвидносни шокови
во проценти




Извор: пресметки на Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

очекуваат 84,1% од орочените депозити со преостаната рочност до три месеци (85,1% на 31.12.2014 година) да покажат стабилност, односно и понатаму да останат во банките. Слична стабилност се очекува и кај депозитите по видување, вклучувајќи ги и средствата на трансакциските сметки. Имено, според очекувањата на банките, 82,6% од овие извори на финансирање ќе им останат на располагање и во следните три месеци (83,1% на 31.12.2014 година). Високата очекувана стабилност на депозитите **претставува главна детерминанта за постоење позитивна збирна разлика меѓу средствата и обврските според нивната очекувана рочност, и тоа во сите рочни сегменти** (анекс бр. 30).

## 2.4 Стрес-тестирање - симулации за ликвидносни шокови

Банките во Република Македонија располагаат со задоволителен обем на ликвидни средства за да ги сервисираат одливите и при претпоставен екстремен ликвидносен шок. Овој шок подразбира, во временски хоризонт од 30 дена, истовремено и комбиниран одлив надвор од банките на определени извори на финансирање[21]. При ваквиот екстремен ликвидносен удар, банкарскиот систем во целина би имал доволно ликвидни средства за да ги изврши одливите, но тие би биле апсорбирани речиси во целост (95,8%), што е речиси идентично со резултатот од ваквата симулација на крајот од 2014 година (95,9%). Учеството на ликвидните средства во вкупните средства на банкарскиот систем по симулацијата, би изнесувало 1,82%

[21] При симулацијата се претпоставува одлив на депозитите на дваесетте најголеми депоненти, на 20% од депозитите на населението, на обврските кон матичните субјекти со исклучок на обврските врз основа на субординирани инструменти и хибридни капитални инструменти коишто се исклучени од симулацијата бидејќи согласно со регулативата за утврдување на адекватноста на капиталот евентуална нивна предвремена исплата е предмет на ограничување, на 50% од обврските кон нерезидентите (со исклучок на обврските коишто се веќе опфатени со претходните симулации) и целосна конверзија на определени вонбилансни обврски на банките (непокриени акредитиви, неотповикливи кредитни линии и неискористените лимитите врз основа на кредитни картички и одобрени пречекорувања на трансакциски сметки) во билансни побарувања. При спроведувањето на симулациите за ликвидносни шокови изземена е „Македонската банка за поддршка на развојот“ АД Скопје, поради законското ограничување за настап на депозитниот пазар.

(1,79% на 31.12.2014 година), додека покриеноста на краткорочните обврски[22] со ликвидни средства би била 3,51% (3,45% на 31.12.2014 година). Анализирано по одделни банки, недостаток од ликвидни средства во висина од вкупно 13.148 милиони денари за справување со вака претпоставен ликвидносен одлив би се јавил кај седум банки, чиешто учество во вкупните средства на банкарскиот систем на крајот од првиот квартал на 2015 година изнесува 26,9%. Кај банките кои би го поднеле овој интегриран ликвидносен шок, учеството на ликвидните средства во вкупните средства би изнесувало од 2,4% до 16,7% (3,7% до 14,9% на 31.12.2014 година), додека покриеноста на краткорочните обврски со ликвидни средства би се движела од 5,1% до 24.6% (7,1% до 22,0% на 31.12.2014 година). Доколку за потребите на оваа симулацијата се прошири опфатот на ликвидните средства со одредени финансиски инструменти[23] во сопственост на банките, за кои може да се претпостави дека во временска рамка од 30 дена би можеле лесно да се наплатат или претворат во ликвидни средства, тогаш намалувањето на ликвидните средства на ниво на банкарскиот систем при оваа симулација би било помало, 85,2% (86,2% на 31.12.2014 година). Од ликвидносните шокови што се комбинираат при оваа симулација, поединечно најзначаен е одливот на депозитите на 20-те најголеми депоненти. Се забележува и дека тој има различно значење за одделни банки, главно поради разликите во степенот на концентрација на депозитите. Важен придонес има и одливот на 20% од депозитите на населението, каде е присутна голема сличност во значењето за одделните банки, што произлегува од фактот што за домашниот банкарски систем најважниот

Графикон бр. 37
Придонес на одделните комбинирани шокови во намалувањето на ликвидните средства при симулацијата за комбиниран ликвидносен шок
како процент на намалување
на ликвидните средства




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

[22] При симулациите се претпоставува дека одливите кај одделните шокови се пропорционални на договорната рочна структура на одделните извори на финансирање за кои е претпоставен одлив на 31.12.2014 година. Вака добиената рочна структура на претпоставените одливите, служи за пресметка на краткорочните обврски после симулираните одливи.
[23] При ова проширување на опфатот на ликвидните средства, покрај финансиските инструменти што ги сочинуваат ликвидните средства, се додаваат и следните финансиски инструменти од билансот на банките: долгорочните депозити во странски банки, инструменти на пазарот на пари издадени од нерезиденти, странски државни обврзници, кредити со договорна преостаната рочност до 30 дена како и ефектот од намалувањето на задолжителната резерва за девизните обврски на банките која што е издвоена во девизи заради одливот на девизните депозити на населението.

извор на финансирање се токму депозитите на населението. Оттука, управувањето со ликвидноста на банките е во директна спрега и со репутацискиот и со стратегискиот ризик, првенствено одржувањето на довербата кај населението како нивен основен финансиер. Од останатите шокови, нешто поголемо релативно значење се забележува кај симулацијата за претворање на избраните вонбилансни ставки во билансни побарувања, но со видни разлики по одделните банки. Останатите два шока што се предмет на комбинација (учеството на обврските кон нерезидентите и на финансирањето од матичните лица), имаат скромен удел во вкупниот резултат од оваа симулација.

## 3. Валутен ризик

**Изложеноста на банкарскиот систем на валутниот ризик е релативно ниска, што во најголема мера се должи на стратегијата на Народната банка за одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото (во валутната структура, еврото е најзастапената валута). Исто така, во првиот квартал од 2015 година, јазот помеѓу активата и пасивата со валутна компонента се намали, што предизвика натамошно намалување на неговото учество во сопствените средства на банките. Сите банки го почитуваат пропишаниот лимит за агрегатна девизна позиција (30% од сопствените средства).**

Графикон бр. 38 Квартална (лево и средина) и годишна (десно) промена на активата и пасивата со валутна компонента




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 39 Структура на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента

во милиони денари




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 40 Учество на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента во сопствените средства на банките

во милиони денари




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 41 Учество на активата и пасивата со валутна компонента* во вкупната актива на банките

во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

* Во структурата на активата со валутна компонента, кредитите и каматите се намалени за износот на извршената исправка на вредноста. Исклучена е и „МБПР" АД Скопје.

**Во првиот квартал од 2015 година, јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента се намали за 3.063 милиони денари (или за 59,7%) и на 31.3.2015 година изнесуваше 4.536 милиони денари.** Ова намалување во целост се должи на зголемувањето на негативниот јаз меѓу активата и пасивата во странска валута (3.086 милиони денари). Од една страна, се намали активата во девизи (за 1.237 милиони денари), најмногу заради намалувањето на средствата на сметките во странски банки[24]. Од друга страна, се зголеми пасивата во странска валута (за 1.849 милиони денари) како резултат на растот на девизните средства на трансакциските сметки на нефинансиски лица[25].

**Во услови на раст на сопствените средства (во висина од околу 300 милиони денари), намалениот јаз меѓу активата и пасивата со валутна компонента придонесе за негово намалено учество во сопствените средства на банкарскиот систем.** Намалувањето на овој показател за 7,1 процентен поен, дополнително ја намали и онака малата изложеност на банките на валутен ризик.

**Денаризацијата во работењето на банките продолжува. Сепак има одредено забрзување на растот на девизните депозити во првите три месеци од 2015 година.** Тоа предизвика извесен раст на учеството на пасивата со валутна компонента во вкупната актива на банкарскиот систем на крајот на март, но сè уште е присутен генерален надолен тренд на учеството и на активата и на пасивата со валутна компионента.

[24] Тековните сметки во странска валута, во странски банки се намалија за 1.873 милиони денари.

[25] Тековните сметки во странска валута на физички лица се зголемија за 1.023 милиони денари, додека зголемувањето кај тековните сметки на приватни нефинансиски друштва во странска валута изнесуваше 925 милиони денари.

Графикон бр. 42 Динамика и структура на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента, по валути
во милиони денари




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Еврото, како најзастапена валута во билансите на банкарскиот систем, во целост придонесе за стеснување на јазот меѓу активата и пасивата со валутна компонента,** иако стеснување на јазот е присутно и кај останатите валути.

Табела бр. 1 Валутна структура на активата и пасивата со валутна компонента
во проценти

| Валута | 31.12.2014 | | 31.3.2015 | |
|---|---|---|---|---|
| | Актива | Пасива | Актива | Пасива |
| **Евро** | 89,1 | 87,9 | 87,8 | 86,9 |
| **Американски долар** | 6,1 | 7,4 | 7,3 | 8,2 |
| **Швајцарски франк** | 2,3 | 2,2 | 2,2 | 2,2 |
| **Останато** | 2,5 | 2,5 | 2,7 | 2,7 |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |

Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Кај сите поединечни банки, агрегатната девизна позиција е во границите на пропишаниот лимит** (30% од сопствените средства).

Табела бр. 2 Рапределба на банките според учеството на отворената девизна позиција по одделни валути и агрегатната девизна позиција во сопствените средства

| Опис | Број на банки | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Отворена девизна позиција по одделни валути/сопствени средства | | | | | | | | Агрегатна девизна позиција/сопствени средства |
| | Евро | | Американски долар | | Швајцарски франк | | Останато | | |
| | Долга | Кратка | Долга | Кратка | Долга | Кратка | Долга | Кратка | |
| **под 5%** | 7 | | 9 | 5 | 6 | 7 | 12 | 3 | 7 |
| **од 5% до 10%** | | | | | | | | | |
| **од 10% до 20%** | 4 | | | | | | | | 4 |
| **од 20% до 30%** | 3 | | | | | | | | 3 |
| **над 30%** | | | | | | | | | |

Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 4. Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности

**Изложеноста на банките на ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, и покрај зголемувањето во првиот квартал од 2015 година, сè уште е незначителна во споредба со изложеноста на останатите ризици. Соодносот помеѓу вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарските активности и сопствените средства квартално порасна, како резултат на зголемените билансни позиции со фиксни каматни стапки, што за банките преставува ризик од „губење" приходи, доколку каматните стапки на пазарот се зголемат. Сепак, овој ризик речиси во целост го неутрализира широката застапеност на позициите со прилагодлива каматна стапка.**

Графикон бр. 43
Квартална промена (горе), структура и состојба (долу) на каматочувствителните средства и обврски, според типот на каматните стапки
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Каматочувствителните средства и обврски во билансите на банките, на 31.3.2015 година забележаа квартална промена од 1% и -1,2%, соодветно, којашто во најголем дел се должи на позициите со фиксни каматни стапки[26].** Позициите со фиксна каматна стапка на страната на средствата забележаа квартален раст од 3% (најмногу во делот на пласманите на кореcподентни сметки во странство). Каматочувствителните обврски со фиксни каматни стапки се намалија за 4,8%, поради намалувањето на орочените депозити до една година, за 7,8%.

Во првиот квартал на 2015 година, структурата на каматочувствителните средства и обврски забележа одредени промени, но се задржа доминацијата на позициите со прилагодливи каматни стапки[27].

[26] Фиксна каматна стапка - каматна стапка којашто за целиот период останува непроменета, односно банката нема право да ја менува висината на каматната стапка, којашто е номинално утврдена во договорот.

[27] Прилагодлива каматна стапка - каматна стапка чијашто висина се менува врз основа на одлука на банката, а не врз основа на одредена референтна каматна стапка или индекс. Со еднострано прилагодливите каматни стапки, банките го пренесуваат сопствениот ризик од промена на каматните стапки, врз своите клиенти, а можат да служат и како инструмент за управување со ликвидноста и профитабилноста од страна на банките. Каматочувствителните средства и обврски со прилагодлива каматна стапка забележаа квартален раст од само 0,6% и 0,04%, соодветно.

Графикон бр. 44 Структура и состојба на каматочувствителните средства (горе) и обврски (долу), според ставките во билансот на состојба и типот на каматните стапки

во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 45 Каматочувствителни средства и обврски, според рочноста и типот на каматната стапка

во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Во структурата на вкупните каматочувствителни средства, кредитите со прилагодлива каматна стапка[28] и понатаму имаат највисоко учество.

Од друга страна пак, намалените орочени депозити до една година со фиксна каматна стапка (за 7,8%) и кварталното намалување кај трансакциските сметки со прилагодлива каматна стапка (за 5%) влијаеја вкупната каматочувствителна пасива квартално да опаѓа.

**Прилагодливите каматни стапки го имаат главното место речиси во сите рочни сегменти од каматочувствителните средства и обврски до една година**[29]. Примената на овој тип каматни стапки, го минимизира ризикот за банките од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности. **На подолг рок (над една година) преовладуваат средствата и обврските со фиксна каматна стапка.** Кај средствата тоа се должи на кредити со фиксна каматна стапка во првите неколку години, кои, според регулативата, во полн износ имаат третман на средства со фиксна камата. Во пасивата со фиксни каматни стапки (над една година), преовладуваат обврските по кредити на банките.

[29] Исклучок претставуваат каматочувствителните средства во рочниот сегмент до еден месец, кај кои преовладуваат позициите со фиксна каматна стапка како резултат на пласманите на банките во хартии од вредност. Во истиот рочен сегмент, на страната на пасивата, трансакциските сметки односно обврските по видување со приспособлива каматна стапка зафаќаат најголем дел.

Графикон бр. 46 Фреквенција (горе) и висина (долу) на промената на каматните стапки на депозитите на физички лица, според валута




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
*Анализата ги опфаќа каматните стапки на депозитите на физички лица за традиционалните депозити, кои во целост се депозити со прилагодлива каматна стапка и тоа за периодот од декември 2012 година до март 2015 година, на месечно ниво.

Графикон бр. 47 Јаз помеѓу каматочувствителните средства и обврски (нето билансна позиција), според типот на каматната стапка
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во изминатите девет квартали, највисока фреквенција на промени има кај каматните стапки на депозитите на физички лица во денари и во евра.** Во просек, банките во Република Македонија ги менувале каматните стапки[30] на депозитите на физичките лица на секои четири месеци кај денарските депозити и депозитите во евра. Понатаму, во просек на осум месеци ги намалувале каматните стапки на анализираните депозити изразени во американски долари, додека најретко, односно просечно во период од година и половина, ги менувале каматите на депозитите изразени во швајцарски франци. **Речиси сите промени коишто ги направиле банките на каматните стапки на депозитите на физички лица во овие девет квартали се во насока на намалување и тоа најмногу кај денарските депозити, во сите рочни блокови**. Со оглед на тоа дека најголемиот дел од депозитите се во рочните блокови до еден и до три месеци, банките прават најизразени (според висината) промени на каматните стапки на депозити орочени на две и три години, сметајќи дека клиентите се помалку осетливи на промени на каматните стапки на депозитите во овие рочни блокови во споредба со депозитите до еден и до три месеци.

**Јазот меѓу вкупните каматочувствителни средства и обврски по негативната вредност во текот на 2014 година, повторно е позитивен.** Позитивниот јаз е резултат на јазот со фиксна каматна стапка, којшто се зголеми за 15,3% (заради растот на кореспондентните сметки, наспроти намалувањето на орочените депозити). Негативниот јаз меѓу каматочувствителните позиции со прилагодлива каматна стапка се намали за 1,2% како резултат на растот на кредитите

[30] Најчесто при менување на каматните стапки кај депозитите, банките одлучуваат промената да се однесува како на веќе примените, така и на новопримените депозити, што не е случај за кредитите каде што промените на каматните стапки се однесуваат само на новоодобрените кредити.

Графикон бр. 48 Јаз меѓу нето билансните позиции и нивниот пресметан тренд, според типот на каматна стапка

во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 49 Пондерирана вредност и однос на вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарски активности и сопствените средства, според типот на каматната стапка

во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

наспроти намалувањето на трансакциските сметки (објаснето погоре). Се намали и позитивниот јаз меѓу каматочувствителните позиции со променлива каматна стапка[31] (за 10,9%), најмногу поради повлекување на средства од тековната сметка од страна на матичниот субјект кај една банка.

**Анализата на јазот во однос на неговиот тренд[32] за изминатиот период потврдува дека во првиот квартал од 2015 година, јазот значително е зголемен како резултат на позитивниот јаз кај позициите со фиксна каматна стапка.**

**Во последните два квартала, соодносот помеѓу вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарските активности[33] и сопствените средства има нагорен тренд (изнесува 5% на 31.3.2015 година), но е далеку под определениот максимум од 20%** (анекс бр. 33). Порастот на овој соднос се должи на нето пондерираната вредност на позициите со фиксна каматна стапка кај рочните сегменти над една година.

---

[31] Променлива (варијабилна) каматна стапка - каматна стапка којашто е директно зависна од одредена референтна каматна стапка (ЕУРИБОР, ЛИБОР, СКИБОР и сл.) зголемена за одредена каматна маргина, согласно со актите на банката. Промената на каматната стапка зависи од промената на висината на референтната каматна стапка, но и од промената на утврдената маргина (главно според еднострана одлука на банката).

Каматочувствителните средства и обврски со променлива каматна стапка забележаа квартална промена за -6,1% и 0,1%, соодветно и зафатија 8,8% и 4,1%, соодветно во структурата на вкупната каматочувствителните актива и пасива.

[32] Трендот на пондерираната вредност е пресметан со користење на Ходрик-Прескотовиот филтер со ламбда 1600 (препорачана вредност за квартални податоци). Ходрик-Прескотовиот филтер се пресметува според наведената формула, каде што $\mu_t$ е трендот, $y_t$-$\mu_t$е цикличната компонента, додека ламбда - $\lambda$ го претставува степенот на „рамномерност“ (smoothness) на трендот

$$\min \sum_{t=1}^{T} \{(y_t - \mu_t)^2 + ((\mu_{t+1} - \mu_t) - (\mu_t - \mu_{t-1}))^2\}$$

[33] Вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарски активности ја прикажува промената на економската вредност на ова портфолио како резултат на оцената за промената на каматните стапки со користење стандарден каматен шок (паралелна позитивна или негативна промена на каматните стапки за 200 основни поени). Вкупната пондерирана вредност на портфолиото на банкарски активности на ниво на банкарскиот систем се добива со агрегирање на пондерираните вредности на портфолиото на банкарски активности на одделните банки.

## 5. Ризик од несолвентност

**Показателите за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем бележат извесно зголемување во првиот квартал од 2015 година. Сопствените средства на банкарскиот систем забележаа квартален раст, по оствареното намалување во последното тримесечје од 2014 година, што е најмногу условено од реинвестирањето на добивките. Капиталот потребен за покривање на валутниот ризик бележи квартален пад кај неколку банки. Капиталните барања за покривање на кредитниот ризик забележаа извесно намалување, што е најмногу последица на помалите побарувања покриени со деловни објекти. Резултатите од стрес-тестирањето спроведено на 31.3.2015 година генерално се подобри во споредба со крајот на 2014.**

Графикон бр. 50
Показатели за солвентноста
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 51 Дистрибуцијата на стапката на адекватност на капиталот во банкарскиот систем
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

### 5.1 Показатели за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем и ниво на ризичност на активностите

**Показателите за солвентноста и капитализираноста на банкарскиот систем бележат извесно зголемување во првиот квартал од 2015 година, коешто се движи во интервал од 0,1 процентен поен (кај стапките на капитализираност) до 0,3 процентни поени (кај стапката на адекватност на капиталот).** Сопствените средства на банкарскиот систем забележаа квартален раст, по оствареното намалување во последниот квартал од 2014 година, основниот капитал остана непроменет, а капиталот и резервите ја одржаа истата динамика на раст регистрирана од претходниот квартал. Активата пондерирана според ризиците и вкупните активности на банките се намалија во првото тримесечје од 2015 година, додека активата остана непроменета на квартална основа. На 31.3.2015 година, сите банки имаат стапка на адекватност на капиталот повисока од 12%.

Графикон бр. 52 Стапки на промена на компонентите на показателите за солвентноста, квартални (лево) и годишни (десно)

во проценти во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 53

Структура на вкупната билансна и вонбилансна изложеност, според пондерите на ризичност

во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Забелешка: *Просечниот пондер на ризичност на вкупната билансна и вонбилансна изложеност се пресметува како соодност меѓу активата пондерирана според кредитниот ризик и нето билансната и вонбилансната изложеност на банките.

**Нивото на ризичност на банкарските активности (мерено како соодност меѓу активата пондерирана според кредитниот ризик и вкупната билансна и вонбилансна изложеност) остана речиси непроменето.** Во првиот квартал од 2015 година, не се забележуваат позначителни промени во структурата на вкупната билансна и вонбилансна изложеност на банкарскиот систем, според одделните, регулаторно утврдени, пондери на ризичност. Оттука, просечниот пондер на ризичност на вкупната билансна и вонбилансна изложеност на банкарскиот систем[34] се намали за, минимални, 0,1 процентни поени и на 31.12.2015 година изнесува 52,9%.

## 5.2 Движења и квалитет на сопствените средства на банкарскиот систем

**Сопствените средства на банкарскиот систем се зголемија за 301 милион денари (или за 0,7%), што е најмногу условено од реинвестирањето**

[34] Пресметан како соодност меѓу активата пондерирана според кредитниот ризик и вкупната билансна и вонбилансна изложеност.

Графикон бр. 54 Структура на кварталните промени на сопствените средства
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешки: * Се мисли на промените во износот на веќе издадените субординирани инструменти, коишто произлегуваат од исполнувањето/неисполнувањето на регулаторните правила за вклучување на овие инструменти во пресметката на сопствените средства.

Графикон бр. 55 Структура на кварталните промени на сопствените средства, според употребата за покривање на одделните ризици
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**на добивката** остварена во претходната, 2014 година, а една банка ги исполни регулаторните услови за вклучување и на тековната добивка[35], од првиот квартал на 2015 година, во пресметката на сопствените средства. Една банка од групата средни банки издаде нов хибриден капитален инструмент (во износ од 123 милиони денари), а друга банка од истата група издаде и нов субординиран инструмент (во износ од 93 милиони денари). Дополнително, износот на субординираните инструменти забележа значителен раст и поради апрецијацијата на вредноста на швајцарскиот франк во првото тримесечје од 2015 година, што беше присутно само кај една банка. На годишна основа, сопствените средства на банкарскиот систем се поголеми за 738 милиони денари, или за 1,6%. Квалитетот на сопствените средства и натаму е на високо ниво, со учество на основниот капитал во вкупните сопствени средства од речиси, 87%.

Повеќе детали во врска со нивото на сопствените средства на одделните групи банки се прикажани во анексот бр. 34.

## 5.3 Движења и структура на капиталните барања и слободниот капитал на банкарскиот систем

**Новиот износ на сопствени средства беше, во целост, „искористен" за зголемување на „слободниот" капитал над минималното ниво потребно за покривање на ризиците. Исто така, еден дел од веќе ангажираниот регулаторен капитал потребен за покривање на ризиците[36] беше „ослободен" и искористен за акумулирање на сопствените средства над потребниот минимум.** Така, во првиот

---

[35] Регулаторните услови што треба да бидат исполнети за тековната добивка да биде вклучена во пресметката на сопствените средства на банката се наведени во точка 12 потточка 2в), од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/12, 50/13 и 71/14). Меѓу другото, за распоредување на тековната добивка во капиталните фондови на банката, потребна е одлука од надзорниот одбор на банката, а нејзиниот износ треба да биде потврден од овластен ревизор.
[36] Капиталните барања се утврдуваат на нивото од 8% од активата пондерирана според ризиците.

Графикон бр. 56
Структура на сопствените средства, според употребата за покривање на одделните ризици
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

квартал од 2015 година, „слободниот" капитал над минималното ниво потребно за покривање на ризиците се зголеми за 622 милиона денари, или за 2,8%. Истовремено, капиталните барања за покривање на ризиците се намалија за 321 милион денари (или за 1,4%). Намалувањето на капиталните барања беше повеќе изразено кај регулаторниот капитал потребен за покривање на валутниот ризик (за 256 милиони денари, или за 34,5%) и беше најмногу присутно кај една банка[37]. Извесно квартално намалување од 67 милиони денари (или за 0,3%) бележи и регулаторниот капитал потребен за покривање на кредитниот ризик, што најмногу произлегува од намалените побарувања покриени со деловни објекти. На годишна основа (31.3.2014 - 31.3.2015 година), капиталните барања за покривање на кредитниот ризик бележат раст од 1.199 милиони денари (или за 6,4%), што е најмногу резултат на зголемувањето на побарувањата врз основа на портфолиото на мали кредити. Истовремено, „слободниот" капитал на банкарскиот систем се намали за 498 милиони денари (или за 2,1%), а годишен пад бележи и капиталот потребен за покривање на валутниот ризик (од 68 милиони денари, или за 3%). Капиталните барања за покривање на оперативниот ризик бележат солиден годишен раст од 106 милиони денари (или за 19%), што произлегува од зголемената оперативна добивка на банките во 2014 година[38]. Сопствените средства над минималното ниво потребно за покривање на ризиците

---

[37] На 31.3.2015 година, оваа банка, заедно со уште четири банки, го исполнуваа условот со кој не се должни да утврдуваат и пресметуваат капитал потребен за покривање на валутниот ризик. На претходниот квартален датум (31.12.2014 година), четири од претходно спомenатите банки не го исполнуваа овој услов и соодветно еден дел од регулаторниот капитал им беше ангажиран за покривање на валутниот ризик.

[38] Начинот на утврдување на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик е регулиран во главата X од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/12, 50/13 и 71/14). Така, основа за пресметка на капиталните барања за покривање на оперативниот ризик претставува збирот од следниве позитивни и негативни позиции: приходи од камата; расходи од камата; приходи од дивиденда, освен приходите од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички вложувања; приходи од провизии и надомести; расходи од провизии и надомести; приходи и расходи од позиции коишто се дел од портфолиото за тргување; приходи и расходи врз основа на курсни разлики; реализирани приходи и расходи од позиции коишто не се мерат по објективната вредност преку билансот на успех, доколку произлегуваат од позиции коишто се дел од портфолиото за тргување; приходи и расходи од позиции за заштита на вредноста на другите позиции и останати оперативни приходи.

претставуваат речиси половина од вкупните сопствени средства.

Графикон бр. 57
Квартални промени (лево) и структура (десно) на капиталните барања за покривање на кредитниот ризик, по одделни категории на изложеност
во милиони денари во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Повеќе детали за капиталните барања за покривање на ризиците и стапката на адекватноста на капиталот, по одделни групи банки се прикажани во анексот бр. 35.

## 5.4 Стрес-тестирање на отпорноста на банкарскиот систем на хипотетички шокови

**Спроведеното тестирање на отпорноста на банкарскиот систем и на одделните банки во Република Македонија на симулирани шокови, упатува на генерално подобри резултати во споредба со 31.12.2014 година.** Адекватноста на капиталот на банкарскиот систем не се намалува под 8% при ниту една од симулациите, иако кај поединечни банки се воочува хипотетичка потреба за докапитализација при симулираните екстремни шокови.

Графикон бр. 58
Споредба на резултатите од симулации на кредитни и комбинирани шокови, со состојба на 31.3.2015 и 31.12.2014 година




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
*Стрес-тестирањето ги опфаќа следниве симулации:
I симулација: Зголемување на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти за 50%;
II симулација: Зголемување на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти за 80%;
III симулација: Премин на 10% од редовната кон нефункционална кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти;
IV симуалција: Прекласификација во „В - нефункционално" на петте најголеми кредитни изложености кон нефинансиски субјекти (вклучувајќи ги и поврзаните субјекти);
V симулација: Зголемување на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти за 80% и зголемување на каматните стапки од 1 до 5 п.п.;
VI симулација: Зголемување на нефункционалната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти за 80%, депрецијација на курсот на денарот за 30% и зголемување на каматните стапки од 1 до 5 п.п.;
**Забелешка: Кредитната изложеност кон нефинансиски субјекти ја вклучува вкупната кредитна изложеност намалена за изложеноста на банките кон финансиски институции и држава, односно кон клиенти од дејностите „финансиски дејности и дејности на осигурување” и “јавна управа и одбрана и задолжително социјално осигурување”.

Хипотетичките шокови на страната на кредитниот ризик имаат најголемо влијание врз стабилноста на банкарскиот систем. Во рамки на кредитната изложеност кон нефинансиски субјекти, симулациите покажуваат дека е потребен раст од 84,6%

на нефункционалната кредитна изложеност, односно премин на 13,2% од редовната кон нефункционалната кредитна изложеност, за адекватноста на капиталот на банкарскиот систем да се спушти на законски минималното ниво од 8%. Овие симулации би довеле до речиси двојно зголемување на учеството на нефункционалната во вкупната кредитна изложеност кон нефинансиски субјекти (од тековните 9,9%, на 18,7%). Сепак, станува збор за прилично екстремни и помалку веројатни симулации, особено на краток рок[39].

[39] За споредба, во првиот квартал од 2015 година, само 0,7% од редовната кредитна изложеност кон нефинансиските субјекти премина во изложеност со нефункционален статус (во последните шест години, историскиот максимум за овој податок изнесува 2,1% и беше достигнат во вториот квартал од 2009 година).

# III. СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ, ПОЗНАЧАЈНИ БИЛАНСНИ ПРОМЕНИ И ПРОФИТАБИЛНОСТ НА БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ

## 1. Број на банки и сопственичка структура на банкарскиот систем

**На 31.3.2015 година, банкарскиот систем во Република Македонија го сочинуваат петнаесет банки и три штедилници. Бројот на банки остана непроменет, додека бројот на штедилници се намали за еден[40] во однос на крајот на претходната година. Анализата на штедилниците не е опфатена во овој извештај поради нивното незначително учество во банкарскиот систем[41].**

Графикон бр. 59
Број на подружници на странски банки, број на банки во претежна странска сопственост и нивно учество во капиталот на банкарскиот систем

број на банки во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
*Акционерскиот капитал ја опфаќа номиналната вредност на уплатените обични и приоритетни акции.
***Капиталот и резервите ги опфаќаат акционерскиот капитал и премиите врз основа на уплатените акции, резервниот фонд, задржаната добивка (акумулираната загуба) и ревалоризациските резерви. Капиталот и резервите се намалени за тековната загуба.

**Во банкарскиот систем на Република Македонија доминира странскиот капитал. Од вкупно петнаесет банки, единаесет се во доминантна сопственост на странски акционери, додека седум од нив се подружници на странски банки.** Оваа состојба е непроменета во споредба со 31.12.2014 година, при што не се забележуваат промени ниту на учеството на акционерскиот капитал на овие банки во вкупниот акционерски капитал на банкарскиот систем.[42] Пораст од 1,0 процентен поен на учеството на позицијата „капитал и резерви" бележат банките во доминантна странска сопственост, кој произлегува од задржаната добивка од претходната година.

**Банките во претежна странска сопственост, имаат доминантна улога и во поважните позиции од билансите на банкарскиот систем.** На крајот на првиот квартал од 2015 година, овие банки збирно (со исклучок на три банки), како и банката во сопственост на државата, остварија добивка, за разлика од банките во доминантна домашна сопственост кои работеа со загуба. Добивката на банките во доминантна странска сопственост се должи на остварените капитални приходи од продажба на имот на една банка. Оваа реализирана добивка имаше уште поголемо

---

[40] Со заокружувањето на постапката за преобразба на „Штедилница Ал коса" АД Штип во финансиско друштво, во првиот квартал од 2015 година, бројот на штедилниците се намали за еден.
[41] Учеството на штедилниците изнесува само 0,7% од вкупните средства на депозитните финансиски институции (банки и штедилници), 1,1% од вкупните кредити кон нефинансиски субјекти и 0,4% од вкупните депозити на домаќинствата.
[42] Порастот на овие учества кое се забележува во третиот квартал од 2014 година, е поради присоединувањето на „Поштенска банка" АД Скопје, која беше во претежна домашна сопственост кон „Еуростандард банка" АД Скопје која е во претежна странска сопственост.

влијание во растот на вкупните приходи на банките со претежна странска сопственост, кои во вкупните приходи на банкарскиот систем учествуваат со 75,0%, што е за 3,7 процентни поени поголемо во однос на 31.12.2014 година, односно за 10,3 процентни поени во однос на 31.3.2014 година.

Графикон бр. 60
Структура на поважните позиции од билансите на банките според претежната сопственост на банките
во милиони денари




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Забелешка: Категориите од билансот на успех се ануализирани. Ануализирањето е направено со збир на вредностите од последните дванаесет месеци за соодветните категории од билансот на успех.

Графикон бр. 61
Пазарно учество (актива) на банките (лево) и стапка на промена на активата на банките (десно) според земјата на потекло на доминантниот странски акционер*
во проценти
во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
*Банката којашто е во домашна сопственост, како и банките коишто немаат доминантен сопственик не се вклучени во графиконот.

Графикон бр. 62
Херфиндалов индекс
во индексни поени




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 63
Учество на поединечните банки во вкупната актива на банкарскиот систем
во проценти




Извор: НБРМ, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**На крајот на третиот квартал од 2015 година, вкупното пазарно учество (во активата) на банките кои имаат доминантен странски сопственик изнесува 66,8% и е помало за 0,4 процентни поени во однос на крајот на 2014 година.**

**Концентрацијата** на кредитите и депозитите на населението, и покрај тоа што бележи тренд на намалување, е над прифатливите граници на Херфиндаловиот индекс[43]. Концентрацијата кај кредитите на претпријатијата забележува постепено намалување и е во рамки на прифатливите граници на индексот.

**Концентрација на банкарскиот систем се потврдува и преку учеството на активата по поединечна банка во вкупната актива на банкарскиот систем.** Имено, на најголемите четири банки отпаѓаат 68,4% од активата, додека девет банки имаат поединечно учество помало од 4% (заедно зафаќаат 20,7% од вкупната актива на банкарскиот систем).

## 2. Активности на банките

**Во услови на задржување на солидниот економски раст, вкупните активности на банките во Република Македонија минимално се променија. Вкупната актива на банките во првиот квартал од 2015 година, остана речиси непроменета во однос на претходниот квартал, додека во однос на истиот период во претходната година, забавено порасна. Натамошното зголемување на депозитниот потенцијал на банките во целост се должи на новото штедење на секторот „домаќинства", при пад на корпоративните депозити, што соодветствува и со движењата на кредитниот пазар во овој период. Имено, во првиот квартал од 2015 година, кредитната поддршка на секторот**

[43] Херфиндаловиот индексот се пресметува според формулата $HI = \sum_{j=1}^{n}(S_j)^2$ , каде што S е учеството на секоја банка во вкупниот износ на категоријата којашто се анализира (на пример: вкупна актива, вкупни депозити итн.), а *n* е вкупниот број на банки во системот. Кога индексот се движи во интервал од 1.000 единици до 1.800 единици, нивото на концентрација во банкарскиот систем се смета за прифатливо.

**„домаќинства“ и натаму расте, додека корпоративните кредити бележат минимално зголемување. Покрај ова, во првите три месеци од 2015 година, растат вложувањата на банките во државни обврзници.**

Графикон бр. 64
Промена на активата на банкарскиот систем
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 65
Степен на финансиско посредување во Република Македонија
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Веќе во вториот квартал од годината стапката на раст на денарските депозити премина во позитивна зона, но сепак е пониска од претходно регистрираните стапки на раст. Ваквото забавување се поврзува со внатрешните политички превирања во земјата, но и со неизвесностите во врска со финансиската позиција на Грција, кои се интензивираа во вториот квартал од годината и имаа преносно влијание врз забавувањето на растот не само на денарските туку и на вкупните депозити.**

**На 31.3.2015 година, вкупната актива на банкарскиот систем изнесува 400.242 милиона денари, и е речиси непроменета во однос на претходниот квартал.** Во првиот квартал од годината, освен зголемувањето на вложувањата на банките во домашни долгорочни должнички хартии од вредност (во најголем дел тригодишни државни обврзници во денари) и зголемената кредитна активност, останатите позначајни категории од активата на банките, се намалија. На годишна основа, вкупната актива на банкарскиот систем забележа забавен раст во споредба со растот остварен на крајот на 2014 година, што главно беше одраз на побавниот пораст на депозитите на нефинансиските субјекти. Ваквите движења придонесоа за незначително намалување на степенот на финансиско посредување, во однос на крајот на 2014 (мерено како сооднос на вкупната актива на банкарскиот систем и БДП).

## 2.1 Кредити на нефинансиските субјекти

**Растот на кредитната активност на банките кон нефинансискиот**

Графикон бр. 66
Состојба на кредитите на нефинансиските субјекти
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 67
Промена на кредитите на нефинансиските субјекти
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**сектор**[44]**, којшто ја одбележа 2014 година, продолжи и во првите три месеци од 2015 година, но со забавено темпо (и на квартална и на годишна основа).** Со остварен квартален раст од 2.467 милиони денари (или 2,4%), кредитите на домаќинствата[45] беа главниот двигател и формираа 93,1% од кварталниот раст на вкупните кредити на нефинансиските субјекти.

Кредитната поддршка на корпоративниот сектор, во првиот квартал од 2015 година е многу мала и со квартална стапка на раст којашто е најниска во изминатите шест квартали[46]. Кредитирањето на претпријатијата и натаму остана поддржано со нестандардната мерка на монетарната политика за поттикнување на кредитната активност за нето-извозниците и производителите на електричната енергија[47]. Во вакви услови, годишната стапка на раст на вкупните кредити на крајот на март изнесува 9,2% и е пониска за 0,7 процентни поени во однос на декември 2014 година.

Како и во изминатите неколку квартали, **денарските кредити условија најголем дел од кредитниот раст (66,1%), но нивната кварталната стапка на раст значително забави**[48]. Од друга страна, во првото тримесечје од 2015 година, се забележува позначително зголемување на придонесот на девизните кредити, споредено со претходниот квартал

[44] Кредитите кон нефинансиските субјекти ги вклучуваат кредитите на нефинансиските лица – резиденти и нерезиденти, и тоа кредитите на приватните и јавните нефинансиски друштва (кредитите на претпријатијата), централната влада, локалната самоуправа, непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата (кредити на други клиенти), самостојните вршители на дејност и физичките лица (кредитите на домаќинствата).
[45] Потрошувачките кредити и кредитите за набавка и реновирање на станбен и деловен простор се најкористените кредитни производи кај овој сегмент (анекс бр. 9).
[46] Кредитирањето на корпоративниот сектор на квартална основа порасна за само 179 милиони денари, или за 0,1%, и зафати 6,8% од растот на вкупната кредитна активност (за споредба, во четвртиот квартал од 2014 година, учеството на корпоративните кредити во вкупниот кредитен раст изнесуваше 72,7%).
[47] Примената на нестандардната мерка за намалување на основата за задолжителна резерва на банките за износот на новоодобрените кредити на нето-извозниците и на домашните производители на електрична енергија, е продолжена до 31 декември 2015 година.
[48] Кварталниот раст на денарските кредити забави и изнесува 1.751 милион денари, или 1,4%. Денарските кредити на домаќинствата забележаа квартален раст од 1.223 милиони денари, или 2,2%, додека пак денарските кредити на претпријатијата порасна за 488 милиони денари, или за 0,7%. Во првиот квартал од 2015 година, најголема стапка на пораст (14,6%) оствариja денарските кредити на другите клиенти, но учеството на овие кредити во вкупните денарски кредити е многу мало (0,2%).

(учество во растот на вкупните кредити од 37,1%, наспроти 13,6% во претходниот квартал).

Графикон бр. 68
Квартална (горе) и годишна (долу) промена на кредитите, според секторот, валутата и рочноста
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во првите три месеци од 2015 година, рочната структура на вкупните редовни кредити на нефинансиските субјекти е речиси непроменета во однос на изминатите неколку квартали**, во која главното учество (76,6%) и понатаму го имаат долгорочните кредити.

Графикон бр. 69
Структура на вкупните кредити, според секторот (лево) и валутата (средина), и на редовните кредити, според рочноста (десно)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 70
Состојба на депозитите на нефинансиските субјекти
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 71 Раст на депозитите на нефинансиските субјекти
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 2.2 Депозити на нефинансиските субјекти

**Растот на депозитите на нефинансиските субјекти, продолжи и во првиот квартал од 2015 година, но со забавена динамика, како на квартална, така и на годишна основа.** Кварталната стапка на раст на вкупните депозити изнесува 0,5% и е најниска во последните седум квартали. Значителното забавување на кварталната стапка на раст на депозитите, во најголем дел е последица на високата споредбена основа од претходното тримесечје, кога беше остварен висок раст на депозитите[49].

**Од секторски аспект, растот на вкупното депозитно јадро на банките во првиот квартал од 2015 година, во целост беше определен од депозитите на домаќинствата,** и покрај тоа што нивниот квартален раст (од 3.748 милиони денари, или 1,8%) беше речиси преполовен во споредба со остварениот раст во претходниот квартал. За разлика од претходниот квартал кога денарските депозити сочинуваа околу 95% од вкупниот раст на депозитите на домаќинствата, во првиот квартал од 2015 година, денарските депозити на домаќинствата придонесоа со 42,2% во вкупниот депозитен раст (придонесот на девизните депозити беше 57,8**%), што е показател за извесно забавување на денаризацијата на депозитите.** Во првиот квартал од 2015 година депозитите на претпријатијата се намалија за 2.982 милиона денари (или за 4,2%), што целосно произлегува од депозитите во денари.

[49] Во последниот квартал од 2014 година, беше остварен најинтензивен квартален пораст на вкупните депозити за изминатите неколку години, при што кварталната стапка на раст на депозитите достигна 3,9%.

Графикон бр. 72
Квартална (горе) и годишна (долу) промена на депозитите, според секторот, валутата и рочноста
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Кварталниот пад на денарските депозити не претпријатијата го услови и **кварталното намалување на вкупните денарски депозити во првиот квартал од годината.** Имено, вкупните денарски депозити се намалија за 2.499 милиони денари, или за 1,5%, во однос на претходниот квартал, а значително забави и нивната годишна стапка на раст (за 5,1 процентен поен). Сепак, **најголем дел (или повеќе од 55%) од вкупната депозитна база и понатаму отпаѓа на денарското штедење**. Кварталниот раст на девизните депозити во поголема мера беше условен од домаќинствата (61,7%), споредено со придонесот на претпријатијата (36,6%)[50].

[50] Девизните депозити на домаќинствата се зголемија за 2.165 милиони денари, во најголем дел (68,4%) како резултат на растот на депозитите по видување, коишто речиси во целост (91,4%) го определија и кварталниот раст на девизните депозити на претпријатијата (за 1.284 милиони денари).

Графикон бр. 73
Структура на вкупните депозити, според секторот, валутата и рочноста
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Континуираниот раст на долгорочните депозити забележан во изминатите неколку години, продолжи и во првиот квартал од 2015 година.** Така, долгорочното штедење, со квартален раст од 1.838 милиони денари, или 2,4%, во целост го определи растот на вкупната депозитна база, од аспект на рочноста. Со квартален раст од 1.067 милиони денари (или 1,6%), долгорочните депозити на домаќинствата определуваат високи 58,1% од вкупниот раст на долгорочното штедење, што главно се објаснува со повисоките каматни стапки на депозитите на долг рок, за што, пак, свое влијание има поставеноста на стапките на задолжителната резерва (од август 2013 година се применува 0% задолжителна резерва за депозитите на физички лица во домашна валута со договорна рочност над две години). Краткорочните депозити продолжија квартално да се намалуваат.

Графикон бр. 74

Промена на каматните стапки на депозитите на физичките лица во денари (горе), евра (средина) и американски долари (долу), по банка

во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките, ЕЦБ и ФЕД.

Забелешка: Во анализата се опфатени каматните стапки на едномесечните, тримесечните, дванаесетмесечните и дваесетичетиримесечните депозити.

Во последните неколку години, се забележува постојано намалување на каматните стапки на депозитите на физичките лица, и тоа како за пократките, така и за подолгите рокови на орочување. Ваквите промени, кај повеќето банки, делумно се поврзани со движењата на референтните каматни стапки за поодделните валути, но и од надолното приспособување на каматните стапки на самите банки.

Графикон бр. 75

Структура на портфолиото на хартии од вредност

во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 2.3 Останати активности

**Во првиот квартал од 2015 година, портфолиото на хартии од вредност на банките забележа раст** (од 2.924 милиони денари, или 5,0%, на квартална основа), кој генерално беше поттикнат од понатамошниот пораст на вложувањата на банките во домашни

државни обврзници. Имено, со квартален раст од 2.217 милиони денари (или 17,2%), државните обврзници[51] определија повеќе од 75,0% од растот на вкупните вложувања на банките во хартии од вредност. И на годишна основа, вложувањата на банките во државни обврзници пораснаа повеќе од двојно (за 8.623 милиони денари, или 132,4%), а структурното учество на континуираните државни обврзници во номиналната вредност на портфолиото на државни хартии од вредност достигна 44,1% (од 39,4%, во декември 2014 година, односно од 14,4%, во март 2014 година).

Вложувањата на банките во државни записи (коишто во претходниот квартал речиси се преполовија), во првиот квартал од 2015 година пораснаа за 357 милиони денари, или за 1,9%[52].

Во услови на непроменета каматна стапка и понуда на благајничките записи од страна на Народната банка, вложувањата на банките во благајнички записи останаа речиси непроменети.

Графикон бр. 76
Состојба на вложувањата на банките во државни обврзници (номинална вредност), според валутата и рочноста
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 77
Квартална (лево) и годишна (десно) промена на портфолиото на хартии од вредност
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

[51] Најголем дел (повеќе од 85%) од растот на државните обврзници произлегува од тригодишните државни обврзници во денари, а помал дел (околу 10%) и од двегодишните државни обврзници во денари.
[52] Во првите три месеци од 2015 година, понудениот износ на државни записи достигна 14.080 милиони денари.

Графикон бр. 78
Квартална промена на пласманите кај финансиските институции (горе), обврските врз основа на кредити (средина) и на депозитите на финансиските друштва (долу)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Во првиот квартал од 2015 година, **пласманите кај банките и другите финансиски институции се намалија позначително,** во најголем дел поради намалувањето на средствата на кореспондентните сметки кај странските банки. Намалувањето на **обврските врз основа на кредити** во првиот квартал од 2015 година, во целост беше определено од намалувањето на обврските по кредити кон финансиските друштва (резиденти), како резултат на намалените обврски врз основа на кредитните линии пласирани преку „МБПР" АД Скопје. Депозитите од банките и останатите финансиски институции се многу мал извор на финасирање на банките (3,8% од вкупните извори на финансирање), и во првиот квартал од 2015 година се помали во однос на претходниот квартал (најголемо намалување бележат краткорочните депозити, до еден месец во странска валута, на нерезидентите – финансиски друштва, како резултат на повлекувањето средства од матичниот субјект кај една средна банка).

**Во првиот квартал од 2015 година, банките во Република Македонија продолжија да ги спроведуваат своите активности претежно на домашниот пазар.** Учеството на обврските и побарувањата кон/од нерезидентите во вкупната актива на банкарскиот систем и понатаму се на ниско ниво (вообичаено околу 10%)[53]. Исто така, ниско е и учеството на побарувањата и обврските од/кон нерезидентите во БДП, коешто во првиот квартал од 2015 година, дополнително се намали.

[53] Анализирано по поединечна банка, учеството на побарувањата на банките од нерезидентите во вкупната актива се движи во интервал од 1,7% до 19,7%, додека учеството на обврските на банките кон нерезидентите во вкупната пасива се движи во интервал од 0,3% до 24,8% (со исклучок на „МБПР" АД Скопје).

Графикон бр. 79
Обврски (лево) кон и побарувања (десно) од нерезидентите
во милиони денари и во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 3. Профитабилност

**Профитабилноста на банките во Република Македонија во првиот квартал од 2015 година е значително повисока во однос на првиот квартал од 2014 година. Добивката по оданочувањето остварена во првиот квартал од 2015 година е поголема за 178,2 милиона денари, или за 43%, во споредба со добивката остварена во минатата година. Основните показатели за профитабилноста, повратот на активата и на капиталот се значително зголемени, а видно е подобрена и оперативната способност на банките за создавање приходи коишто ги покриваат расходите од нивното работење. Најизразено позитивно влијание врз профитабилноста имаат зголемените други приходи и намалените каматни расходи. Изразено негативно влијание имаше зголемената исправка на вредноста за финансиските средства. Покрај ризиците кои потекнуваат од идното движење на квалитетот на кредитното портфолио со оглед на доминацијата на кредитните активности во вкупните активности на банките, еден од поголемите предизвици за одржување на профитабилноста на банките е нивниот иден капацитет за генерирање нето каматен приход, кој во последните години се темели главно на намалувањето на каматните расходи поради намалувањето на депозитните каматни стапки.**

### 3.1 Приходи, расходи и показатели за профитабилноста и ефикасноста на банкарскиот систем

Во првиот квартал од 2015 година, **вкупните приходи на банките** (вкупни редовни приходи[54] и вонредни приходи), порастнаа за 671,9 милиони денари, или за

[54] Во вкупните редовни приходи се опфатени: нето каматниот приход, нето-приходите од провизии и другите редовни приходи (нето-приходите од тргување, нето-приходите од финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност, нето-приходите од курсни разлики, приходите врз основа на дивиденди и капитални вложувања, нето-добивката од продажба на финансиски средства расположливи за продажба, капиталните добивки остварени од продажба на средства, ослободувањето на резервирањата за вонбилансни ставки, ослободувањето на останатите резервирања, приходи по други основи и приходите врз основа на наплатени претходно отпишани побарувања).

Графикон бр. 80
Нето-добивка по оданочувањето
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 81
Годишна промена на главните приходи и расходи
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 82
Структура на вкупните приходи
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

14,9%, во споредба со претходната година, и достигнаа 5.185,3 милиони денари. На зголемувањето на приходите најголем придонес (од 56,9%) имаше растот на другите редовни приходи (за 382,2 милиона денари[55], или за 90,1%). Дополнителен придонес (од 39,2%) кон зголемувањето на вкупните приходи има и зголемениот нето каматен приход, што е резултат на посилното годишно намалување на расходите од камати (за 228,3 милиони денари, или за 12,6%), при истовремено незначително зголемување на каматните приходи (за 35,4 милиони денари, или за 0,7%). Во првиот квартал од годината, раст забележаа и нето-приходите од провизии и надоместоци и вонредните приходи, меѓутоа со помало учество во растот на вкупните приходи.

Структурата на вкупните приходи во 2015 година е делумно изменета во однос на претходната година, но **нето каматниот приход сѐ уште има најголемо учество во вкупниот приход на банките**.

**Од аспект на одделните сектори, зголемувањето на приходите од камати** во 2015 година пред сѐ произлегува од приходите од камати од домаќинствата, а во помал дел и од нефинансиските друштва. **Растот на приходите од камати од домаќинствата** (за 81,9 милиони денари, или за 4,3%) соодветствува со годишниот кредитен раст кон овој сектор, и покрај надолниот тренд на каматните стапки на кредитите на домаќинствата. Приходите од нефинансиски друшта се зголемија за 28 милиони денари или за 1,3%. Во 2015 година, **се намалија каматните приходи од останатите субјекти** (за 73,4 милиони денари, или за 16,9%)[56] **и од финансиските друштва** (за 12,9 милиони денари, или за 3,6%). Намалувањето на приходите од камати од останатите субјекти

[55] Порастот на другите редовни приходи најмногу (околу 67%) се должи на капитална добивка реализирана од продажбата на средства кај една банка.
[56] Во оваа категорија се вклучени каматните приходи од вложувања во државни записи и хартии од вредност.

Графикон бр. 83
Секторска структура на приходите од камати
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 84
Секторска структура на расходите од камати
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 85
Користење на вкупните приходи
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

главно се должи на намалените вложувања во државни записи и хартии од вредност[57], и покрај порастот на приходите од нерезиденти (од 3,9 милиони денари).

**Во 2015 година е остварено намалување на каматни расходи**, и тоа од сите сектори. Причина за тоа се пониските депозитни каматни стапки во споредба со 2014 година[58]. Најголем придонес (од 80,9%) во намалувањето на вкупните каматни расходи, имаат каматните расходи од секторот „домаќинства"[59]. Намалување бележат и каматните расходи од нефинансиските друштва (за орочени депозити), каматните расходи од финансиските друштва (за орочени депозити на пензиските фондови и осигурителните друштва), како и каматните расходи од останатите субјекти (главно расходите од камати за финансиските друштва - нерезиденти врз основа на обврски за кредити и врз основа на орочени депозити). И покрај изразенотото намалување, каматните расходи од секторот „домаќинства" имаат најголемо учество во структурата на расходите од камати.

**Најголемиот дел од вкупните приходи на банките се троши за покривање на оперативните трошоци[60] и на исправката на вредност.** Оперативните трошоци, и покрај намалувањето на нивното учество во вкупните приходи (за 7,9 процентни поени) во споредба со претходната година, сè уште имаат високо учество од 50,8%, додека исправката на вредноста го зголеми учеството на 37,6%.

[57] Во споредба со првиот квартал од 2014 година, вложувањата на банкарскиот систем во државни записи и должнички хартии од вредност се намалија за 6.574 милиони денари.
[58] Во споредба со првиот квартал од 2014 година , каматните стапки за депозитите се намалени за 0,2 процентни поени.
[59] Во споредба со првиот квартал од 2014 година, каматните стапки на денарските депозити на домаќинства, без и со валутна клаузула се помали за 0,8 и 2,6 проценти поени, соодветно.
[60] Оперативните трошоци на банките ги опфаќаат: трошоците за вработените, амортизацијата, општите и административните трошоци, премиите за осигурување депозитите и останатите оперативни трошоци, со исклучок на вонредните расходи.

Графикон бр. 86
Структура на оперативните трошоци
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 87
Показатели за ефикасноста на банките
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Во првите три месеци од 2015 година, оперативните трошоци на банките** се намалија за 16,3 милиони денари, или за 0,6%, во споредба со претходната година. Притоа, намалувањето е најзабележително кај премиите за осигурување на депозитите[61] (за 76,1 милиони денари, или за 22,3%) и кај посебната резерва за вонбилансна изложеност (за 42,7 милиони денари, или за 34,1%). Наспроти тоа, трошоците за вработените забележаа најизразен раст од 62,4 милиони денари, или за 6,0%. И покрај ваквите движења, **не се забележаа поголеми промени во структурата на оперативните трошоци,** во која главно учество и понатаму имаат трошоците за вработените и општите и административните трошоци.

**Во првиот квартал од 2015 година, продолжи трендот на подобрување на оперативната ефикасност на банките, којшто започна во 2012 година.** Во услови на годишно намалување на трошоците на банките, наспроти зголемувањето на вкупните редовни приходи, износот на вкупните редовни приходи којшто се троши за покривање на оперативните трошоци е значително намален. Исто така, намалување бележат и останатите показатели за соодносот помеѓу одделните видови трошоци и вкупните редовни приходи, со што дополнително се потврдува подобрената оперативна ефикасност на банките.

Освен нето каматниот приход и оперативните трошоци на банките, коишто го определија повисокото ниво на профитабилност во однос на претходната година, останатите компоненти на профитабилноста на банките се движеа во правец на нејзино намалување. Така, во првите три месеци од 2015 година, **нето-**

[61] Почнувајќи од 1.6.2014 година, стапката на премијата за осигурување на депозитите е пониска за 0,2 процентни поена и изнесува 0,5% на годишно ниво.

Графикон бр. 88
Исправка на вредноста на финансиските и нефинансиските средства
во милиони денари




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 89
Годишна стапка на промена на трошокот за исправка на вредноста
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**исправката на вредноста којашто ја признаваат банките за оштетување на финансиските средства (кредитите и други слични побарувања)** достигна 1.356 милиони денари, што претставува зголемување за 566,3 милиони денари, или за 71,7%[62]. Со тоа, и делот од нето каматниот приход којшто се троши за покривање на исправката на вредноста за финансиските средства се зголеми од 25,5% (31.3.2014 година), на 40,3% (31.3.2015 година). Растот на нето-исправката на вредноста се должи на истовремено зголемување на бруто-исправката и намалување на ослободената исправка на вредноста[63].

Во првиот квартал од 2015 година, беше прекинат трендот на пораст на **исправката на вредноста на нефинансиските средства (преземениот имот).** Имено, таа се намали за 70,4 милиони денари, или за 10,7%, и се сведе на 589,9 милиони денари[64].

**Зголемената добивка на банкарскиот систем во 2015 година позитивно влијаеше врз основните показатели за профитабилноста на банките.** Во споредба со претходната година, зголемени се стапките на поврат на активата и на капиталот, а исто така, подобрена е и профитната маргина[65] на банките, како и сите показатели коишто се пресметани врз основа на ставки коишто се под влијание на нето каматниот приход.

---

[62] За споредба, во првиот квартал од 2014 година, нето-исправката на вредноста на финансиските средства (кредити и други слични побарувања) на годишна основа се намали за 786 милиони денари, или за 49,9%.

[63] Растот во првиот квартал на 2015 година, во најголем дел е резултат на зголемувањето на бруто-исправката и помалото ослободување на исправката кај една банка. Доколку се изземе ефектот од исправката кај оваа банка, во првиот квартал на 2015 година нето-исправката на вредноста на финансиските средства на ниво на банкарскиот систем би забележала зголемување од 72,3 милиони денари во однос на 2014 година, наместо зголемување од 566 милиони денари, и би имала позитивно влијание врз профитабилноста на банкарскиот систем.

[64] Намалувањето на исправката на вредноста заради продажба на преземени средства е ублажено со порастот на оваа исправка кај една банка. Ако се изземе овој ефект, исправката на вредноста за нефинансиските средства би се намалила за 170,7 милиони денари.

[65] Профитната маргина претставува однос на добивката (загубата) од работењето и вкупните редовни приходи.

Табела бр. 3 Показатели за профитабилноста и ефикасноста на банкарскиот систем
во проценти

| | 3.2014 година | 3.2015 година |
|---|---|---|
| Стапка на поврат на просечната актива (ROAA) | 0,4 | 0.6 |
| Стапка на поврат на просечниот капитал (ROAE) | 4,0 | 5.5 |
| Оперативни трошоци / вкупни редовни приходи (Cost-to-income) | 58,7 | 50.8 |
| Некаматни расходи / вкупни редовни приходи | 64,4 | 56.8 |
| Трошоци за плати / вкупни редовни приходи | 23,0 | 21.2 |
| Трошоци за плати / оперативни трошоци | 39,1 | 41.8 |
| Исправка на вредноста за финансиските и нефинансиските средства / нето каматен приход | 46,8 | 57.8 |
| Нето каматен приход / просечна актива | 3,3 | 3.4 |
| Нето каматен приход / вкупни редовни приходи | 68,7 | 64.9 |
| Нето каматен приход / некаматни расходи | 106,6 | 114.2 |
| Некаматни приходи / вкупни редовни приходи | 37,1 | 41.2 |
| Добивка (загуба) од работењето / вкупни редовни приходи | 9,2 | 11.4 |

Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.
Показателите пресметани за одделните групи банки се дадени во анексот бр. 36.

Графикон бр. 90
Нето каматна маргина
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 91
Приходи/расходи во однос на каматоносна актива/пасива (горе)
Нето каматна маргина, по банки (долу)
во проценти




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

**Нето каматната маргина**[66] во првиот квартал од 2015 година се зголеми за 0,3 процентни поени, во однос на март 2014 година. Зголемувањето е одраз на поизразениот годишен раст на нето каматниот приход (за 8,5%) од растот на каматоносна актива (за 7,1%). Всушност, главниот причинител за зголемувањето на каматната маргина повторно е намалувањето на каматните расходи (-12,6%), што при пораст на каматоносната пасива, истовремено придонесе и за годишно намалување на расходите од камати по единица каматоносна пасива (од 2,3% на 1,9%). Од друга страна, намалените активни каматни стапки при пораст на каматоносната актива, предизвикаа мало зголемување на приходите од камати (0,7%), и скоро исто ниво на приходите од камати по единица каматоносни средства (6,0%).

Анализирано по поединечна банка, од вкупно петнаесет банки, шест банки остварија повисока нето каматна маргина од нето каматната маргина на ниво на банкарскиот систем.

[66] Нето каматната маргина е пресметана како соодност меѓу нето каматниот приход и просечната каматоносна актива. Просечната каматоносна актива е пресметана како аритметичка средина од износите на каматоносната актива на крајот на тековната година и на крајот на претходната година.

Графикон бр. 92
Активни (горе) и пасивни каматни стапки (долу)
во процентни поени




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

Графикон бр. 93
Каматен распон, според валутата
во процентни поени




Извор: Народната банка, врз основа на податоците доставени од страна на банките.

## 3.2 Движење на каматните стапки и на каматниот распон

**Активните и пасивните каматни стапки на банките продолжија да се намалуваат и во првиот квартал од 2015 година**[67], и покрај тоа што основната каматна стапка на Народната банка остана непроменета[68]. Во однос на првиот квартал од 2014 година, распонот се намали од 4,8 процентни поени на 4,6 процентни поени.

Од аспект на валутата, каматниот распон кај девизите се намали (за 0,4 процентни поени), додека каматниот распон кај денарите се зголеми (за 0,4 процентни поени). Овој тренд кај девизите е резултат на падот на каматните стапки кај девизните кредити (за 0,4 процентни поени), во однос на каматни стапки на девизните депозити, коишто останаа исти. Кај денарскиот каматен распон, пасивните каматни стапки имаат побрз пад (за 0,7 процентни поени), во однос на активните каматни стапки (кои паднале за 0,7 процентни поени). Исто така, каматни стапки кај депозитите со девизна клаузула имаат побрз пад (за 0,6 процентни поени) во однос на каматните стапки кај кредитите со девизна клазула (коишто се намалија за 0,5 процентни поени).

[67] Намалувањето на каматните стапки е поизразено кај кредитите (за 0,3 п.п.), во однос на депозитите (за 0,2 п.п.).
[68] Во анализираниот период, каматната стапка на аукциите на благајнички записи се задржа на истото ниво од 3,25%.

# АНЕКСИ